## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на десетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16.11.1999 година

Седницата се одржа во Владата на Република Македонија, голема сала, со почеток во 11,15 часот. Со продолжението на седницата раководи г-динот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници продолжуваме со работа по десетата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Илија Георгиев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Исто така добивме известување дека претседателот на Владата на РМ г-динот Љубчо Георгиевски, потпретседат.елот на Владата г-ѓата Радмила Кипријанова, министерот за развој Милијана Даневска, министерот за здравство Стојан Богданов, министерот за надворешни работи Александар Димитров, министерот за стопанство Жанко Чадо се известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствувае на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на точката 2 Информација за состојбите со ткупот на тутунот за родот од 1998 година, во РМ.

Молам дали претставникот на Владата сака даземе збор да објасни. (не сака)

Не би сакал .

Во тој случај за дискусија се јави пратеникот Борче Сибиновски како претседател на Комисијата за земјоделие, шумарство водостопанство кој што би сакал да земе збор.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Почитуран претседателе, почитувани колеги пратеници,

Со добивањето на Информацијата од страна на Владата на РМ ние како Комисија на Парламентот на РМ за земјоделие, шумарство и водостопанство пристапивме кон нејзино разгледување и воедно со тоа разгледување сакавме да дадеме еден придонес за денешната расправа за Информацијата за состојбите со откупот на тутунот за родот од реколтата од 1998 година.

Како Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство, одржавме седница на 11 февруари 1999 година на која седница беше целосно разгледана информацијата доставена од страна на Владата до Собранието на РМ.

По разгледувањето на Информацијата се утврди дека таа Информација доставена од страна на Владата на РМ дава реален приказ за состојбите со откупот на тутунот за реколатата од

1998 година.

Исто така се констатира дека во таа Информација се на-бележани одредени работи кои што тутунот го третираат какоземјодел-ска култура која што има стратешки социјален карактер на РМ. Меѓутоа што е најбитно тука да кажам почитувани пратеници.

Од она се што се случуваше во РМ во почетокот за откупот на тутунот навистина тоа беше само една политичка работа на која за само два дена и дојде крајот. Затоа почитувани пратеници ќе ви кажам дека од Информацијата што ја разгледавме на Комисијата се утврди дека само за неколку дена со почетокот на токупот на тутунот, од првиот момент и тоа кога започна на 11.1.1999 година, во првите денови се откупија само неколку тони на тутун од сите типови. Меѓутоа, со ан-гажирање на владата на РМ, а посебно со ангажирањето на луѓето од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство откупот на тутунот почна да се движи по динамиката која што е определена за да

се откупи тутунот од страна на производителите и договорите направени со токупувачите, односно тутунските комбинати.

Затоа новата состојба која што ја побаравме од страна

на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, која беше доставена во вид на еден преглед на откупени количини на тутун од родот на 1998 година, по типови и по претпријатија, која сите ја имавте пред вас

почитувани пратеници на минатата седница сметам дека дина-миката на откупот на тутунот се движи според предвидувањата. И тоа за само 11 дена од првите количини откупени на тутун од 195 8 тони беќе се откупени околу 12 илјади тони или околу 38% од предвиденото целокупно производство на РМ за 1998 година од околу 31 илјада и 200 тони тутун од сите типови во РМ.

Врз основа на расправата на Комисијата ние како Комисија му предлагаме на Собранието на РМ да ја разгледа ова Информација за состојбите со откупот на тутунот за родот од 1998 година и да го донесе следниот заклучок.

Прво, Собранието на РМ ја усвојува Информацијата за состој-бите со откупсот на тутунот од родот во 19 9 8 година во РМ и констатира дека истата дава реален приказ за состојбите со откупот на тутунот за родот од 1998 година.

Второ, Собранието на РМ оценува дека Владата на РМ во рамките на својата надлежност презела мерки и активности за надминување на настанатите состојби и проблеми со токупот на тутунот од

1998 година, при што смета дека и понатаму треба да се следат сос-тој бите со откупот и исплатата на тутунот во функција на практична

примена на законот за тутунот, а имајќи го предвид значењето на тутунот како стратешка излезна и социјална култура.

Овој Заклучок заедно со Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство да се достави до Владата на РМ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Борче Сибиновски.

Отворам расправа,

Молам кој бара збор?

За збор се јави во писмена форма, со пријава за диску-сија г-динот Жарко Караџоски и молам да земе збор.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Со оглед дека доаѓам од градот на тутунот, Прилеп почув-ствувам потреба да се јавам за збор токму по точката по која станува збор, за откупот на тутунот за родот од 1998 година, по Информацијата која ни ја достави Владата а на барање на колегата пратеник, кој исто така е од градот на тутунот, г-динот Кире Настески.

За интерес на вистината, иако и мојот колега сметаше дека оваа информација и денешната дискусија ќе се одвива во друг правец, во други околности кои влијаеја во текот на поднесувањето на ваквата Информација, за жал на мојот колега Информацијата, а и денешната дискусија нема да оди во правец кој што тој и неговите истомисленици очекуваат да оди. Напротив, токму во спротивен правец.

Ако некој токму преку оваа информација и состојбата со откупот на тутунот сакаше повторно да ни држи лекции по морал, еконо. мија, тутунопроизводство и сл. стекнато знаење од долгогодишното владеење и пракса, кое нешто ги направи да бидат професори по овие науки, сега во овој момент сето тоа ќе им отпаден бидејќи се потврди дека новата власт, замислете е толку дрска што не сака да ги послуша своите професори и за возврат работи по свое. Така еве сега и со тутунот и со неговиот откуп. Не дека мојот колега не го интересираат состојбите со откупот на тутунот во Републиката, па и во сопствениот град, што е прикажано во информацијата низ бројки и состојби споредени со претходните години, туку повеќе го интересираше состојбата со штрајкот на тутунопроизводителите, бидејќи во време кога ја иницира оваа Информација во Прилеп сеуште траеше горе споменатиот штрајк. По се изгледа мојот колега погрешно ги презентираше барањата за давање информација. Истата требаше да ја усмери кон Информација на Владата за состојбите со штрајкот на тутунопроизводителите од аспект на тоа кој го предизвикг кој го иницираше, поради што беше иницирн, кои беа барањата, што се постигна и сл. Можеби таква информација и не му требаше бидеј ќи очигледно беше многу присутен во локални рамки во тутунскиот комбинат, само со таа разлика што воопшто не излезе пред народот да даде било какво објаснување или желба за решавање на нивните барања, туку тоа го препушти на пратениците на позицијата кои доаѓаа од овој град, па затоа сега неможе да ја разбере односно неможам да ја разберам неговата желба и заложба Владата да го информира за истото.

Токму заради горното чувствувам потреба, а со оглед дека во Владината Информација нема податоци за работите и барањата кои што ги очекуваше барателот на Информацијата да свртам внимание на неколку работи кои го

карактеризираат откупот на тутунот оваа година.

Прво, производството на тутун оваа година е драстично зго-лемено во споредба со сите претходни години. Ако го погледнеме пода-токот од Информацијата ќе видиме дека тој константно се движел од

1994 година помеѓу 24 илјади и 26 илјади тони, за да во 1994 година заклучно со 1997 година производството да опадне на 15 илјади до 18 илјади тони. Во 1997 година истото достигнува бројка од 26 илјади и 700 тони а за да во 1998 година да се очекува да се откупат 31 илја-да и 200 тони тутун.

Причините за ваквото рапидно зголемување на производството на тутун лежат во неколку фактори.

Прво, фактот што народот, последицата за масовно осиромашување, за кое нешто и врапчињата во оваа земја знаат кој е вино-вен излезот го гледаше единствено во садењето тутун како животно неоп-ходна потреба за да се преживее. Тука нема никаква друга економска оправданост а воопшто пак, не станува збор за некаква стратегија за зголемување на производството, како што некој тоа го прикажуваше. Ова ни оддалеку не значи дека одеднаш садењето тутун стана некој голем и уносен бизнис па сите побрзаа да го насадат. Или пак неговото произ-водство не е толку тешко, последица на некаква нова технолошка ино-вација, која го измодернизира производството, за што е заслужна прет-ходната владеачка структура. Ако тоа беше така, веројатно песните од нашиот поет Коста Рацин "Тутуноберачите" и "Ленка" ќе претставуваат само еден потсетник како некогаш се работеше тутунот. Но за жал работата на тутунот, тутунопроизводството, неговата обработка додека истиот се предаде во комбинатите за откуп многу не се разликува од начинот кој што го опишал Коста Рацин. Значи, народот беше принуден за корка леб, со оглед дека друго не му преостана, последица на големата невработеност, спасот да го побара токму во жолтото злато од аспект на тоа што каков таков истиот има гарантирана цена, има обезбеден откуп, што со останатите земјоделски култури не е случај.

Второ, остварената просечна цена за 1997 година во износ од 130 ден. повлече низа порасnуваша на апетитите на тутунопроизводи-телите кое нешто директно влиаеше врз зголемувањето на производството на тутун надвор од економските правила и закони и во отсуство на една стратегија. Но не е занемарлив фактот како е постигната таа цена, која беше цена, која всушност беше цена на првата класа:, за најквалитетниот тутун , бидејќи општо е познато дека тутунот секогаш се откупува по класи во зависност од квалитетот по цена за секоја класа поединечно.

Ова нешто беше во директно влијание со присуството на

странкиот партнер на нашиот пазар, па заради тоа ние тоа го искористивме и го продадовме тутунот за прва кала. Резултатот од тоа е познат. Оваа година странкиот партнер бега од нашиот тутун како ѓавол од темјан, а нашата заработка од таквиот откуп е еднаква на непродадена залиха за која што никој не е заинтересиран. Ако ваквиот начин на работа дал успех тогаш коментар не е потребен.

Трето, како никогаш досега откако постојат комбинатите кои се занимаваат со откуп на тутунот не беше доведено во прашаше финан-сиската моќ на претпријатието за откуп на реколтата, или народски кажано дали има пари за откуп на тутунбт. И што се воспостави? Ниту едно претпријатие немаше пари да го започне откупот на тутунот, а истите работеа и чекаа цела година за да на крајот побараат пари, како и секоја година, од Владата, а во меѓувреме работниците земаа редовно плати, разни разлики, К-15, или надоместок за годишен одмор, дивиден-ди и сл. но за тутунопроизводителите ништо, нема пари. Нека си ги најде државата на начин таа ќе ни даде пари, а за враќање како и до-сега ќе не водат на вересија, како и целава држава. Кога ќе има арно, нека почека државата. Кога можела да чека година наназад нека почека уште една, а ние ќе си го земеме ќарот, затоа што ние сме приватизи-рани претпријатија.

Четврто, оваа откупна година за прв пат се покрена прашањето за начинот на обезбедување на средства за откуп на тутунот. Поточно за должноста на субјектите за ваквата обврска во услови на приватизирани претпријатија. За тоа секако виновна е Владата и нејзиниот нов премиер што ги натера директорите на тутунските претпријатија да се растрчаат по пари, или уште подобро виновен е самиот народ што бараше промени. Инаку, од каде истиот ќе знаеше дека тутунските комбинати имаат неплатено 200 милиони германски марки по основ на разни побарувања и од каде ќе знаеше народот каде отидоа парите за неплатените акцизи на државата и сл. Затоа што му требаше на народот ова да го знае, кога и онака убаво си живееше во услови кога ништо не знаеше за овие работи.

Пето, тутунопроизводителите преку својот синдикат побараа зголемување на откупната цена на тутунот и тогаш кога ја

побараа разбраа дека комбинатите немале пари да исплатат ни загарантирана цена, а камо ли да ја зголемат откупната цена. Во такви услови истите беа шетани од врата на врата, од адреса на адреса и кој има пари, кој нема така да истите станаа правни толкувачи на Законот за приватизација и последиците од истиот.

Во вакви услови а со оглед дека во Информацијата не е ка-жано, откупот на тутунот започна со задоцнување, но сепак на општо за-доволство на тутунопроизводителите а со оглед на тоа што Валдата нап-рави.

Прво, ја згоеми откупната цена за 15%.

Второ, овозможи тутунот да се откупува во класи предвидени за квалитетотона тутунот, при што средната цена на тутунот ја достигна ланската, која беше цена на прва кгласа, па дури и повисока средно откупна цена во зависност од квалитетот на тутунот.

Трето, и најбитно, Владата ги обезбеди паричните средства за откупот на тутунот и истите се исплаќаат на тутунопроизводителите во рок 15 дена од денот на предавањето на тутунот, а кое нешто во

мојот град е почнато до пред 1 недела.

вој Ова нешто резултираше со прекин на штрајкот, а во/момент

и со едно општо задоволство кај тутунопроизводителите наспроти нивните барања, кое нешто го потврдува и фактот што во Прилеп во овој момент на откупот се работи со полна пареа и нон стоп. За предавање на тутунот доаѓаат и од другите околни места, при што се чека по два и повеќе денови.

Од сето ова не гледам место на незадоволство на очигледно разочарување на опозицијата која со својата активна улога не успеа да создаде политичка криза и сл. преку најосетливиот проблем како што е откупот на тутунот и неговата исплата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Жарко Караџоски.

Молам кој бара збор?

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

јас прво би сакал една деловничка интервенција ако може. Колку што јас ги познавам членовите на Владата, не го гледам министерот за земјоделие, ресорниот министер, а до сега никогаш не била практика кога се расправа по една информација ресорниот министер од таа област да не биде присутен. Дали е тоа уште еден доказ колку навистина ние им се посветуваме на овие проблеми, а посебно на тутуно производителите. Иако е многу јасно, познато е дека земјоделието во Република Македонија е една од најзначајните стопански гранки за која и оваа и поранешните влади ќе мораат порано, или подоцна да сватат дека ќе треба повнимателно да се проступира и да се направи стратегија за развој. Инаку и јас сам припаѓам од тие, односно потекнувам од луѓе кои своевремено се бавеа со производство на тутун и знам што значи денеска, а и порано што значи да се произведува тутун. Мислам дека и податоците на некој начин укажуваат на тоа што значи за Република Македонија тутунопроизводството. Со оглед дека во информацијата стои дека своевремено дури 40 илјади семејства, односно околу 200 илјади вработени се бавеа со оваа дејност, а ако се земе во предвид дека воглавао тоа се социјални случаи и воглавно тоа се луѓе кои живеат во ридско планинските места , мислам дека на оваа Влада и на овој парламент треба да им биде јасно дека треба да пристапат потемелно кон овој проблем. Иако информациите зборуваат за почеток на некод откуп, но за жал по нашите информации, ни се јавуваат граѓаните од Република Македонија и по телефон зборува за тоа дека оваа активност не се одвива секаде со ист интензитет, дури ќе мора да кажам овде дека се одвива селективно и тоа за жал дури и по некои други клучеви и критериуми што е вон секоја логика во стопанството, односно во пазарното стопанство.

Нашите податоци зборуваат дека дури цели општини во моментот не се опфатени со оваа акција. За жал ќе морам да констатирам дека тие општини се општината Житоше која воглавно е на-селена со албанско население и селото Бузалково Велешко. Иако свое времено ќе мора да кажам овде дури еден активист од ДА во една дебата го земаше за пример токму селото Бузалково како заостанато село, денеска не слушам никој барем да отишол и да види што всушност се случува во Бузалково, дали навистина партијата која најповеќе се залагаше токму за проблемите на ова село, денеска да покрене, или да побара некоја информација. Податоците зборуваат дека и тоа што се собира, се собира по извонредно ниска цена, иако знам како може, тоа лично лично сум го почувствувал како тоа може да се направи селективно и кои се начини и можности постојат да се обезвредни трудот на еден земјоделец кој се бави со ова производство. Затоа, мислам дека крајно време е на оваа пробелматика да се осврнеме на еден потемелен начин, посериозно. Фактот дека денеска не присуствува министерот за земјоделие, сепак е еден показател дека ресорниот министер или не сака во потполност да го свати проблемот на тутуно производителите, или поинакви образложенија не можам да сватам. Уште повеќе кога веројатно во тоа Министерство постои замецнк министер, а ниту едниот ниту другиот не се тука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тука е заменик министерот. Присутен е заменик министерот.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Во секој случај мислам дека требаше да биде присутен министерот за земјоделие и да ги слушне размислувањата на пратениците. Оттука не ни преостанува друго, туку да апелирам до сите пратеници без оглед на политичката припадност, без оглед на националната припадност да ги поддржиеm барањата на тутунопро-изводителите, да бараме од Владата да направи долгорочна стратегија за оваа стопанска гранка која е и те како значајна и ќе значи за Република М.акедонија било од социјален аспект, било од морален аспект а секако дека е една многу значајна стопанска гранка за Републиак Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Еве, после четири, пет седници бараше да се достави

една ваква информација, денес веќе ја имаме информацијата за состојбите со откупот на тутунот од родот 1998 година во Република Македонија.

Барашето на една ваква информација беше поврзано со проблемите кои настанаа со откупот на тутунот во сите производни региони во Република Македонија при што скоро еден месец беше присутна тенцзија која резултираше со непредавање на тутунот во откупните станици и пројавени негодувања на тутунопроизводителите. Во информацијата нема никакви податоци за состојбите во изминатито периох со штрајковите на тутунопроизводителите и за причините зошто тутуно производителите не го предаваа тутунот. Мотивот за реакции на тутуно производителите беше цената на тутунот што од една страна е и нормалнг бидејќи тој што продава секогаш му е евтин производот. Од друга стра-на тие исти тутунопроизводители за време на предизборната кампања беа на широко информирани дека цената на тутунот ќе биде од 7 па дури и до 9 германски марки по килограм. Како и обично штрајко-вите ги поддржа и синдикалната организација која застана пред тутунопроизводителите и ги промовираше нивните барања. Се поста-вува прашањето дали во овие моменти се гледаше со полн респект кон подигнатиот глас на тутунопроизводителите еднаш за секогаш да се решат прашањата со вреднувањето на тутунот, цената и третманот на тутунопроизводството, монополизмот и државниот интерес за тутунот. За жал на овие прашања оние кои што застанаа пред незадоволните тутунопроизводители во името на синдикалното организирање не дадоа одговор, но се јавија како баратели за кадровски промени во тутунските претпријатија, толкувачи на законот за тутун, на владините одлуки и како доброчинители на тутунопроизводителите да им сугерираа што треба да прават што треба да прифатат а што не. Постојано се лицитираше со цени, се лицитираше со класи, а тутунопроизводителите не добиваа информации од надлежните органи и објаснувања за причи-ните за отстапување од висината на цената на тутунот која што беше ветувана во предизборието. Едноставно во тоа време се претера со маркетиншки настапи и откако веќе тие водачи не беа прифатени од тутунопроизводителите, откако штрајковите им избегаа од контрола за немирите отпочнаа да наоѓаат други виновници. Тутунопроизводителит не се деца да се лажат, тие тоа и не го заслужуваат, тие уште од првиот ден изјавија дека нивните барања се однесуваат на тоа да им се исплати трудот, а сето тоа е надвор од политиката. Но, за овие нивни барања тие водачи како да немаа слух, го издигнаа поблемот на ранг на најврвната политика на земјата. И како што деновиве пишуваше во еден весник, тие се промовираа во најдоследни владини бранители и жестоки критичари на минатата власт. За жал и овде од оваа говорница по повод барањето на оваа информација слушнавме дека опозицијата нема работа, па крева штрајкови. Социјалдемократскиот сојуз на Македонија како опозициона партија има полна капа работа, СДС уште во изборната програма промовираше поголемо и поисплатливо земјоделско производство и подобрување на економските услови на земјоделецот во селото, СДСМ не промовираше откупни цени на тутунот од 7 па до 9 германски марки. Ние секогаш ќе застанеме зад народот ако тој тоа го побара, но со реална можност барањата да бидат оствар-ливи. Демагогијата за високи цени на тутунот со која што се сакаше да се добијат изборите се виде дека има ограничен век на траење, затоа што како и обично на крајот некој ќе треба да го плати цехот. Овој пат цехот го платија тутунарите наместо ветените 7 до 9 марки цената на тутунот е околу 4 германски марки за килограм. Очигледно исфрлената цена на тутунот од 7 до 9 германски марки е далеку од реалноста без добро направена математика, а таа ги провоцира тутуно-прозводителите. Добро е што Владата со оваа информација дава подато-ци за реалната и можната цена на тутунот и низ овој Парламент народс ќе биде информиран од вистинско место. На овој начин Владата докажа дека исфрлените цени до ракав биле нереални и само заблуда на тутуно прозводителите. Едно ветување за време на изборите не се оствари. Оваа информација сметам дека ќе побуди внимание кај народот заради тоа што ова е прв материјал на стопански теми што овој Парламент го разгледува. Заради тоа ценам дека е прилика за тутунот да проговориме нешто повеќе отколку состојбите со откупот. Со оглед на тоа што тутунот како индустриско растение е добро од општ интерес за Републиката стои обврската да се поттикнува производството на тутунот . Во информацијата добро стои податокот дека со тутун се ангажирани над 40 илјади домаќинства, или околу 200 илјади производители. Во името на сите нив треба да се

исфрлат идеите за намалување на тутунопроизводството како наводно неисплатливо, треба да се надминат и сите финансиски прашања околу тоа кој, колку и на кого му должи а грижата за обезбедување на пазар треба да биде и на државата. Само на таков начин ќе ги мотивираме оние 200 илјади производители и камо таа среќа тој број да биде поголем. Со оглед на големиот број на тутунопроизводители владината годишна програма за поттикнувањето на производството на тутун ценам дека треба да има широк публицитет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на влада, дами и господа пратеници, во денешната расправа по точката на дневниот ред информација за состојбите во откупот на тутунот за родот 1998 година во Република Македонија јас сакам да потенцирам еден дел од општата практика на поднесување и не само на оваа стопанска гранка. Скоро секоја година, па и не само оваа тутунските региони однсоно подрачја се соочуваат со многу проблеми кои бараат решенија. Кај тутунопроизводителите се манифес-тира општо незадоволство од откупната и политиката на цените. Имаме различни подрачја во Република Македонија и добро што имаме различитост во тие подрачја и во тие култури, затоа што имаме и различно проивводство. Кочани и тоа поднебје има култура со која и се истакнува, но и таму секоја година околу откупот на тоа производство ние доцниме. Исто така Струмица, Прилеп, Битола, Тетово, Гостивар, Кичево Дебар сите подрачја кај нас со нешто се разликуваат. Не го спомнав и Ресен. Меѓутоа, за конкретниот случај откупот на тутунот се врши во пет класи и во пет категории. Она што направив јас да сознаам за првата категорија за која цена заправо и стои откупната 167 денари Производителите се жалат бидејќи во прва класа откуп на тутун скоро и не се врши во сите подрачја на Република Македонија, можеби бидејќи реагираат, има, но која е количината која што се откупува. Значи во споредба со втората категорија, третата категорија, трета Б категорија и четврта категорија на откуп на тутун. Ако за првата класа стои фиктивна цена 167 денари, за втората 133, третата 110, трета Б 75 и четврта класа 47 денари по откуп за килограм тутун. МОжеме ние, но со извинување и да реагираме и од место и на терен. Не може да се рамња еден килограм тутун и откупната цена на килограм тутун да се рамни со еден килограм грав. Не може. Ако ја знаеме и едната и другата култура по кои маки заправо таа треба и на самиот пазар да се пласира. Но, ова што го имаме заправо во наша практика е затоа што ние немаме откуп на гарантирана цена и за другите производи како што е млекот и млечните производи, како што е месото и месните производи, како што е гравот и другите производи, немаме гарантирана цена на јаболко, на кромид и на сите култури. Немаме гарантирана цена за откуп на грозје и на тие продукти што заправо во индустриското прозводство се очекува да ги имаме во секоја реколтна година. Ние дотолку ќе имаме производство и тука да не се задржуваме многу по овој однос. Ние на селаните уште на почетокот, заправо на произ-водителите уште на почетокот да им се каже дека за оваа реколтна година е оваа гарантирана цена за тој производ и за сончоглед и за шеќерна репа и за се и за млеко и млечни производи и за месо. Со таа цена тој самиот ќе може после да калкулира што има тој заправо интерес и колку има инерес во тоа производство и да вложи. Само со такво нешто ние ќе можеме да направиме она и што очекуваме. Инаку долгогодишната практика до сега ние на оној лежерен начин како што се однесуваме спрема земјоделието и земјоделските производи ние се доведовме себеси да и на Шара од многуте илјадници, илјадници стада што ги имавме и грла, дојдовме денеска на работ на тој дел на тие фуражни култури горе да не се користат за ништо.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Затоа, тоа незадоволство и се корегира конкретно со тутунопроизводителите преку Македонскиот тутун и се обезбеди финасиска конструкција за целокупното производство со утврдена динамика.На тутунопроизводителтие, секогаш, некој ќе излезе како заштитник: штрајкувачи, синдикат и уште кој не друг, по одбори , како што ги видовме и преку средствата за информирање. Тие настапи, по моја гледна точка, не само што не го оправда своето самоволие, напротив, какода се сакаше да се пролонгира откупот на тутунот, а со тоа евентуално и да губат во квалитетот на тутунот. Ако била очигледна таа нивна, заправо провокација. Тоа стана до толку познато и од самите производители, индивидуални производители кои на таа провокација и не наседнаа.

Кога се има предвид дека се работи за производство од стратегиско значење, во кое се вклучени над 40 илјади домаќинства, а тој број може да расте уште многу, тогаш несомнено тутунот треба да има солидна цена.

Овие цени што ги кажав , по класите за кои што заправо им нудиме откуп на сите тутунопроизводители во одредени региони, не само што ќе го намалиме производството на оваа стратегиска гранка на стонан-ството, туку еден ден, како што изостана и Врапчиште и Дебреште и ред други подрачја во Гостиварски , веќе почна таа грагнка и да не се прои; ведува само поради тоа што не се задоволни од откупната цена.

Тутунопроизводителите немаат потреба ниту од ова што јас го кажувам, ниту од оние кои на терен се покажуваат како душегрижници во секој откуп или излез на улица или од говорница и прекуштрајкови, туку гарантирана поволна цена на откупот што ќе

доведе кај самите тутунопроизводители да се справат со производствените планови и со пазарнат аконкуренција. Тоа е многу важна работа не самос ега, туку и во иднина и не само за оваа гранка, туку за сите стопански гранки. Со тоа ќе се. приспособат и претпријатијата што веќе имаат лиценци за договарање, авансирање откуп и пласман на тутунот.

Доколку не се постапув авака со овој производ и со другите производи за кои што зборував пред малку, може со гаранција и оние малку заинтересирани производители што ги имаме да паднат, затоа што недопустливо е и натаму да се применува старата практика на откуп и не само на оваа стопанска гранка. Било која форма на финансирање да се избере, најважно е да не се испуштат од Битпазарните потреби што се појавуваат во видни разлики во откупот. Такви разлики ќе има и во иднина во откупот, без разлика дали се грижат по надолна или нагорна линија. Тоа, производителите ќе ги обврзува за подобро планирање на годишното производство наменето не само за внатрешниот пазар, со тоа откупната цена ќе се знае, а со тоа и производителите ќе бидат на време информирани.

Тутуноберачите и сите други производители не смееме да ги разочаруваме. И , не смееме да дозволиме таа споредба што ја направив јас погоре во практиката да се најдат и самите тутуноберачи, свесни дека од тутунот се добиваат сто милиони долари годишно. Од тој дел, жалам што за внатрешната употреба на откупот оди само 15% од тој производ, што останува во Република Македонија. Замислете, 85% истиот е планиран за надворешниот пазар. Толкаво производство,значи, кога би бил обратен процесот, останување 80% за нашите потреби и во нашите фабрики и да се произведува, можеби ова ќе беше една сосема мала цена на сто милиони долари годишно, доколку таа преработувачка индустрија ја сведеме на ниво да конкурираме и на светскиот пазар, а не Америка и "Филип Морис" заправо да добива и да печали од она што значи пот на нашите граѓани.

И да завршам, не само во оваа гранка, туку и во другите стопански гранк.и, доколку сакаме да излеземе од ова економско мртвило, можеме да излеземе само со конструктивни циклусни инвестиции.

Со една реченица би кажал дека и договорот со Република Тајван овозможува, заправо, и таа сума е доволна за да се изведе тој долгогодишен очекуванекономски пресврт во првите четири години. Тоа е моја лична ориентација во таа програма за обнова и развој на стопанството што ќе овозможи и поголемопроизводство, не само во оваа топанска гранка, туку во сите производства со кои што нашето подрачје и те како се истакнува.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

Има збор г-дин Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господние претседателе, почитувани колеги и пратеници,

И јас, исто како и мојот колега Жарко Караџовски доаѓам од градот на тутунот. Би сакал во оваа прилика да Ве информирам дека во Прилеп, откупот во Прилепскиот регион, откупот на тутунот од ми-натогодишната реколта е во тек. Средствата за откуп на тутунот ги обезбеди Владата. Во Прилеп дневно се откупуваат по околу 100 тони високо квалитетен тутун од типот "Прилеп", а досега се откупени преку 2 илјади тони.

Прилепскиот тутун од родот на реколатата 1998 година е со извонреден квалитет, одличен квалитет. Просечната откупна цена е во дијапазон од 120 до 150 денари по килограм во зависност од квалитет-от. Ценењето на тутунот се врши согласно на Законот за тутун.

пред десетина дена, на 10.02.1999 година, започна исплатата на оние тутунопроизводители кои први го предале тутунот и тоа околу 3,5 милиони денари на околу 60 кооперанти на 10 февруари се исплатени, а на 13 февруари се исплатени преку 13,5 милиони денари. Со тоа темпо и ден денешен се предава тутунот. Годинава се очекува во Прилеп да се откупи околу 8.800 тони тутун од кои што околу 8.000 тони од типот "Прилеп", а околу 800 тони од типот "Вирџинија"

Инаку, запознати сте дека во Прилеп настанаа извесни проблеми во почетокот, пред да стартува откупот на тутунот, кои што проблеми настанаа заради лошата откупна политика на тутунските претпријатија, што кулминираше годинава, а како резултат на лошиот откуп од реколтата 1997 година. Тогаш немаше никакви критериуми освен критериумот квантитет, без да се води сметка за типската чистота и за квалитетот на тутунот. Заради тоа штопреку 200 милиони американски долари во тутунските претпријатија ги изеде "лигавиот октопод", а се изгуби довербата од кредиторите да дадат средства заоткуп на ово-годишната реколта. Така што, тутунските претпријатија освен средства за проста репродукција , не обезбедија средства, никакви средства за откуп на тутунот од минатогодишната реколта.

Во Прилеп има околу 13 илјади договори на кооперанти, потпишани со Тутунскиот комбинат, а се очекува откуп на 8.800 тони високо квалитетен тутун.

Кулминацијата беше на самиот почеток на откупот на тутунот, кога една група тутунопроизводители, политички поттикнати, чиј тутун е со далеку полош квалитет од квалитетот на тутунот во Прилепскиот регион, а го имаат произведено во енормни количини, тагувајќи по миантогодишните откупни цени, заради чиј што

лош квалитет овој пат изостана интересот на странските кредитори, таа група го блокираше откупот на тутунот.

Зачудува фактот што пратеникот на СДС Кирил Настевски, кој ја побара информацијата, истиот тој безброј пати е виден во кругот на Тутунскиот комбинат чиј директор беше кандидат за пратеник на СДС. Исто така сакам да Ве информриам дека на тие немири и штајкови главни инспиратори беа видни личности од СДС, од кои некои се присутни и на оваа седница.

Со ваквите дејанија им нанесоа голема штета на тутунопроизводителтие, а можам да кажам дека на Прилеп, на прилепската економија на прилепската чаршија исто така наенсоа голема штета заради тоа што во периодот пред годишните празници, наместо народот да си го продаде својот тутун и со тие средства да живее, да живне малку чаршијата, тутунопроизводителите останаа без пари.

Тие тврдеа дека се најзаслужни за тоа што ги вратија тутунопроизводителите на нивите во Прилеп, да е зголеми тутунопроизводството. Со тоа се согласуваме, имајки го предвид фактот дека Прилеп како ВМРО-овски град беше на црната листа на СДС, што резултираше со катастрофален однос на Владата на САД кон прилепското стопанство. Се затворија скоро сите претпријатија. Бројката на невработени и стечајци Прилеп го направија економски и стопански мртов град. Кога кажуваа како во Прилеп се враќа народот по нивите, се добиваше впечаток дека тоа е привилегија на прилепчани и дека во најлош случај , граѓаните од другите градови на Републиак Македонија се хендикепирани заради тоа штоне можат да се занимаваат со тутунопроизводство. И, најверојатно , ќе треба во перспектива да размислуваат како од Скопје и другите градови би се преселиле во Прилеп за и тие да бидат тутунопроизводители.

Како единствен излез од економската безна, прилепчани, немајки други можности, се зафатија со тривијалната макотрпна работа тутунопроизводство. На сите им е познато дека тутунопроизводителите се едни од најексплоатирантие граѓани во РМ, за кои не е водено сметка досега за нивните статус во оваа држава, за нивното здравствено, пензиско и социјално осигурување.

Исто така, овие тутунопроизводители, во изминативе години кога тутунот им беше откупуван со навредливите 40 до 50 денари по килограм немаа можност од минатата Влада да добијат отчет за средствата во изминативе 7-8 години за ниско платениот работнички труд во тутунското производство.

Како илустрација само еден пример, имајки предвид дека годишна заработувачка на едно петочлено семејство што произведува во просек по илајда килограми тутун, истиот со просечни цени од 100 денари, поделен на 5 работници во текот на годината месечно доаѓаат по 50 тина марки во месец. Ова значи дека нема поефтина работна рака никаде во светот , па ниту во азиските, ниту во афричките земји.

Квалитетот на прилепскиот тутун се движи во светски рамки, а тоа е потврдено од многу институти, како и од познатиот стручњак во таа област г-динот Рудолф Горник, а особено за сортите"Прилеп ", "Јака", "Џебел". Најголеми и најактрактивни купувачи се Соединетите американски држави, Јапонија, земји од Европската Унија и други западно европски земји.

Значи, ниско платениот труд е неосновано префрлен во некои профиабилни организации во Скопје,како што се на пример "Македонија Табак", "Југотутун" и други во кои институции возачите земаат пого-леми лични доходи од генералниот директор на Прилепскиот Тутунски комбинат, а притоа воопшто не е водено грижа за бројните тутунопроиз-водители кои сфатија дека времињата се изменија, дека СДС е минато и дека новата Влада ќе мисли на нив, а не само на високо стекнати нечиесни профити за сметка на народот во оваа држава.

Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Звонко Мирчевски.

Збор побара пратеникот Хисни Шакири.

Се извинувам г-дине Шакири реплика побара Настевски, бидејки беше спомнат.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ.**

Кој колку и каде е виден, доволно е да се вратат видеоленттие назад и оние другите ленти. Меѓутоа, сакам нешто друго да кажам.

Од оваа говорница и колку да фрламе и лаги и клевети и напади, тутунопроизводителите се доволно свесни за се кој што направил во врска соштрајковите, кој ја исфрли цената , кој ги водеше тие штрајкови и како тие завршија.

Меѓутоа, ценам дека и покрај ваквите дискусии од оваа говорнива, вреди да се слушне и то ашто кажавме за тутунот воопшто, за една стратегија што треба понатаму да ја градиме, а не да ја користиме оваа говорница и оваа Информација за други цели.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Настевски.

Г-динот Хисни Шакири побара збор.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Расправаме денеска за едн амногу важна тема, бидејки од самиот факт произлегува една таква констатација ког ание знаеме дека голем дел на граѓантие на РМ се занимаваат со оваа индустриска култура.

И според Информацијата имаме сознанија дека околу 40 илјади семејства во оваа

држава се занимава со оваа култура. Значи, околу 200 илјади жители на оваа држава зависат од оваа култура.

Јас како пратеник од претходниот состав на ова Собрание многу добро знам дека кога се донесе Законот за тутунот, ние како опозиција тогаш бевме доста заентересирани и за оваа проблематика и за третманот на тутунопроизводителите во РМ. Меѓутоа, од позицијата не сме имале никава помош. И, тогашниот министер за земјоделие г-динот Киро Докузовски не беше заентересиран воопшто да се разговара за овие проблеми. Се донесе Законот за тутун, се знае со Законот што се регулира, меѓутоа статусот или позицијата на тутунопроизводителтие ништо не е променета.

Од оваа говорница треба да бидеме јасни и пред јавноста дека сегашните цени на тутунот ги утврдила поранешната Влада на г-динот Бранко Црвенковски кои важат за реколтната година 1998. Тие цени треба да важат докрајот на март кога треба да се склучат нови договори со производителите.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:** (продолжение)

Поранешната Влада, зошто да не го кажеме ова, за оваа проблематика воопшто не водеше сметка. Ние знаеме каков беше статусот на земјоделците во Република Македонија пролетта 1998 година не само на тутунопроизводителите, туку за сите земјоделци во Република Македонија кога знаеме каква беше цената на бостанот, цената на градинарските култури. Со ова сакам да кажам дека поранешната Влада воопшто не беше заинтересирана за политиката околу аграрот во Република Македонија. Треба да се каже многу отворено и сега ако и новата Влада продолжи со истата политика, тогаш за три четири години нема да имаме производство во земјоделието. Тоа треба да го знае секој граѓанин и сите надлежни органи на оваа држава. Мегутоа, јас се надевам дека новата Влада ќе направи нешто се што е во нивна можност да не се повтори тоа што беше до сега во земјоделието. Секој пратеник кој излегува на оваа говорница кажува дека треба да се помогне на земјоделието, треба да се помогне на тутунопроизводителите, а што направивме до сега? Цените кои се сега, јас реков, дека ги утврди поранешната Влада. Што може сега да направи новата Влада? Новата Влада односно ресорното министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство треба навистина сериозно да се зафати со овие проблеми и така може нешто да се направи, нешто што е чекор напред за измена на положбата на земјоделците во оваа држава.

Јас реков, како пратеник од претходниот состав, ние имавме прилика кога беше на дневен ред изменувањето на Законот од страна на господинот Вељо Тантаров баравме да се плати разлика на цената на тутунот, односно премија, тогаш токму пратениците од СДСМ не се согласија со донесувањето на овој Закон. Добро е што се инсистира да се стави на дневен ред една ваква информација, да се види целокупната состојба во врска со откупот на тутунот, меѓутоа, не е доволно само да се знае каков е резултатот во врска со откупот на тутунот на Република Македонија, мислам дека би било многу по сериозно и порано да се бавеше со оваа проблематика поранешната Влада, поготово пратениците од СДСМ, тогаш не би ја имале оваа состојба денеска како таква што е кај тутунопроизводителите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Хисни Шаќири.

Ве молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Предметната информација е за поздравување, бидејќи многу работи дознавме дека новата Влада направи цената на тутунот да биде подобрена, практично им даде малку храброст и желба во натамошниот период да се вклучи на поголеми површини да се ангажира за обезбедување на егзистенција.

Познато е дека 40 илјади се тутунопроизводители од кои 200 илјади жители ја обезбедуваат својата егзистенција. Оваа бројка многукратно ќе се зголеми во наредниот период ако на прашањето на тутунопроизводството се посвети посебно внимание. Оваа година мора да биде пресвртница на тој план посебно во текот на овој месец кога од овој месец почнуваат да се договараат и склучуваат договори на индивидуалните производители со тутунските комбинати.

Меѓутоа, за да се направи поголем чекор во унапредувањето на тутунопроизводството треба да се обезбеди и создаде можност на кој може да му се допушти право на извоз на тутун од нашата земја. Кога ќе се обезбедат такви услови ќе се создадат по благопријатни услови за конкуренција и за утврдување на цената на тутунот. На тој кога во земјата ќе се појават повеќе откупувачи, цената ќе биде повисока и со таа цена тутунопроизводителите ќе ги остваруваат своите договори. Само на тој начин ќе може да се зголеми тутуно-производството во земјата.

На овој план мора посебно да се посвети внимание, бидејќи само во тутунопроизводството нашите граѓани можат да обезбедат егзистенција посебно оние кои се најдоа на улица, без работните места на веќе затворените фабрики и стечајните претпријатија. Сите тие очекуваат од Владата да се отворат нови работни места, а оваа прилика тутунопроизводството и другите земјоделски култури се прилика да се придонесе на одреден начин во ублажувањето на проблемот со невработеноста.

Затоа апелирам Владата во најскоро време да ја проучи можноста да овозможи и други правни и физички лица, претпријатија, да имаат право на извоз на суров тутун во странство. Ако тоа се овозможи, значително ќе се зголеми производството на тутун. Дури тогаш нема да мислиме дека тутунопроизводството е многу непродуктивна дејност. Овој пат Македонија може да го направи бидејќи дека во сите досегашни години и периоди тутунот се истакнуваше дека е злато за државата, а во овој случај до сега ни злато за државата ни за производителите. Меѓутоа, јас сметам дека со овој начин што го предлагам навистина ќе стане злато за државата и за производителите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Сајковски. Има збор пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Јас излегов да кажам неколку прелиминарни карактеристики за процесот на производството во Република Македонија со посебен осврт производство на тутунот и каде е нашето место во Југоисточна Европа, во Медитеранот и пошироко.

Потекнувам од област, од подрачје кое со децении се бави со производство на тутун, па да Ви кажам една вистина дека тутунот на нашиот простор се произведува уште од XVII-от век кога Колумбо го донел од Средна Америка на нашето подрачје и уште од тогаш нашиот човек, нашиот граѓанин се бави со таа култура со цел да егзистира, да воспоставува односи во просто време за да егзистира.

Сметам дека навистина нашата држава и покрај тоа што често пати се вели старата и новата Влада, ете не успеавме да направиме општа стратеагија, дефинирана стратегија за нашиот развој и често пати и во науката понекогаш велиме дека сме индустриско-земјоделска држава. Во други учебници ќе најдеме дека ние сме земјоделско-индустриска земја и обратно.

Во однос на производството на тутун кога се зборува за тие 20 илјади жители што навистина егзистираат од тоа производство треба да се дефинираат односите кон таа култура, кон таа комерцијална култура и не само кон тоа. Ние сме континентално медитеранско подрачје со разновидни култури, меѓутоа, тутуно производството е карактеристична култура и мора да имаме однос кон тие граѓани, кон тие 200 илјади жители, можеби и повеќе.

Да Ви кажам една карактеристика, на Липковскиот терен во Липковскиот регион и покрај тоа што се култивира послаб квалитет на тутун така наречен типот Отља, а горд сум затоа што се вика Отља оти на тој простор само се култивира таа култура и таа има директно потекло од Еспањоле, денешна Куба и на тој начин смета дека новата Влада, па и другите нови влади понатаму да ги дефинираат нашите стратешки земјоделски култури кои навистина ќе најдат подрачје во светот и на тој светски пазар за сето тоа.

Во оваа прилика да кажам уште една реченица и со тоа ќе завршам, не е проблем само со тутунот, проблем е и со другите земјоделски односно поледелски култури. Ќе мораме еднаш за секогаш да ги најдеме основните стратешки правци како тие култури да ги пласираме на светскиот пазар. Ќе мораме, новата Влада и новиот Парламент да се ослободиме од процесот на монополизмот. Сметам дека сега е моментот тој монополизам да го прекршиме, да воспоставиме нови системи во тој процес за класирање, производство и слично.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Аслан Селмани.

Има збор г-динот Горѓи Котевски

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, посебно ценети претставници на Седмата сила.

И денеска имаме една информација која од секогаш во Македонија не само во ова деветгодишно постоење на Суверена Македонија, имало особено значење, туку и во бивша Југославија, да не речам и во Кралска Југославија.

Само за една ваша илустрација да го земеме примерот по ослободувањето од фашизмот и поранешна Југославија, Вие знаете дека во Македонија настана едно големо разидување токму околу тоа каде да се пласира тутунот од Македонија. Заради тоа еден наш претседател настрада заради тоа што побара тутунот да не го пласира Југославија, туку да остане во Република Македонија и да може Македонија од тоа суво злато да има повеќе кратна добивка и да има поголем профит за својот народ. Тоа го направи Ченто.

Ние денеска и после девет години од осамостојувањето на Република Македонија ја имаме, за жал, истата состојба со тутунопроизводството. И не само со тутунопроизводството, туку и со сите други делови на земјоделското производство, вклучувајќи ги тука пченицата, сончогледот, репата, да не ги набројувам сите. Што значи еве до денеска како самостојна Македонија не најдовме концепт како да го направиме тоа, каква стратегија да изградиме и од тоа каков профит да искористи Република Македонија затоа што сакале или не, сакале да признаеме или не, Македонија е сепак селска и земјоделска земја. Ние не можеме да произведуваме сателити и не знам каква компјутерска техника, дај боже можеби во иднина ќе произведуваме, но за сега е така, меѓутоа, стратешката определба треба да ја гледаме во земјоделието затоа што светот и воопшто населението на земјината топка расте и

гладот за храна ќе се изострува уште повеќе од ден на ден. Според тоа, нашата шанса е тука. Прво треба да произведеме нешто што е неопходно за прехранување на нашето дво милионско население, а она што е како друг производ-индустриска култура која не се пласира во рамките на република Македонија и директно се консумира од нашите грагани, како што е во случајот тутунот, ние треба да изградиме посебна стратегија. Не заради тоа, оваа држава увидела дека тутунот има посебно стратешко значење и затоа овој Парламент во поранешните состави донесе закон за тутунот. Сега мене ме чуди, ако веќе имаме таков закон за тутун и во него се е кажано одприлика околу производството, плаќањето, ме чудат некои пратеници кои веќе хрет мандат во Парламентот се прават недоветни споредби го споредуваат тутунот со една градинарска култура-гравот и прават разлика во цените помеѓу тутунот и гравот. Тоа нема никаков резон, нема никаква смисла да се говори за таа работа. Ние треба да направиме нешто друго. Ние затекнавме една состојба со тутунот и со другото земјоделско производство. Сега треба да видиме кој е нашиот излез од оваа состојба. Новата Влада, она што е затекнато, не е свето може да се менува и овој закон ќе го менуваме, но се во интерес на оние производители во Република Макеоднија што произведуваат тутун каде се користи работна рака со најмал број години мислам дека ќе најдеме голема поткрепа, но треба во рамките на Министерството за земјоделство добро да се процени дали со овој произведувачки капацитет во република Македонија, дали од она што го пласираме најголемиот дел во странство, каква стратегија да избереме и постојано да се следи движењето на цената на тутунот, пласманот понудата и побараувачката на светските пазари за да можеме ние како Македонија да не создаваме негодување кај нашите производители, бидејќи во оваа состојба заради тоа што дојде оваа информација на Владата се создаде една чудна работа во мислење на тутунопроизводителите дека навистина цената на тутунот треба да биде многу висока. Ако е така, со така вештачки работи и со ставање на вештачки цени ги решаваме работите во државата, ние бргу ќе се збогатиме, но светскиот пазар чинењето на оваа култура надвор и нејзината побарувачка не се секогаш истоветни со нашите можности и способности на државата тоа да го произведуваме и соодветно на тоа да го пласираме.

Затоа ќе мора, според сите тие параметри да се однесуваме во државата. Јас не гледам друг излез освен овој закон што е донесен може да се менува, да видиме во согласност со сите други земјоделски производи кои се стратешки за Република Македонија, за нив секако знаете нема да речеме Закон за пченица, затоа што пченицата целосснотс производство се произведува и се користи во Македонија, не извезуваме ни едно зрно пченица. Шеќерната репа исто така, сончогледот исто така. Со пченката 100% сме во дефицит, значи, овде имаме само една стратешка индустриска култура која голем дел оди надвор и затоа државата направила на некој начин таков закон за да може правилно да стопанисува со оваа култура и целиот профит да останува во државата, се разбира, во наредниот период доколку процениме сите заеднички заедно со ресорното министерство и Владата можеме да го менуваме тој закон, но да ги имаме во предвид сите светски движења на цените на тутунот и без разлика на тоа што знам дека големи неправди се прават при откупот на тутунот, тоа може да се елиминира и тие неправде треба да се отстранат, класификација на тутунот треба да оди како што треба, таму си има комисии, има здруженија кои постојано го следат откупот на тутунот, но треба да бидеме доследни и да изнаоѓаме такви мерки каде не ќе може никој да се протне на мала врата да прави било каков профит од тутунот без да остави најголем дел во државната каса на Република Македонија.

Само така мислам дека оваа стратешка култура ќе биде добра, инаку, со заеднички негодувања и правење на споредби не логични и сосема не на место, мислам дека нема излез.

Еве, само толку сакав, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Котевски.

Збор побара пратеникот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас чуствувам посебно задоволство, почитувани пратеници, што еве со еден благ напор што направивме дојде на некој начин иако сегментарна расправата по однос на оваа информација што првично беше доставена до нас пратениците како материјал за запознавање на пратени-ците.

Моето инсистирање на минатата седница во врска со предлозите на претходните двајца предлагачи што инсистираа да се отвори расправа во врска со Информацијата за откупот на тутунот, вака да ви кажам интимно не беше толку колку за состојбите во откупот, и на некој начин неќни тргнаа тие и јас се надевав дека ќе тргнат со сите проблеми кои ќе се манифестираат оваа година и незадоволаства одбјективно кои што постојат. Иако овде се сака да се лоцира атмосверата на политичкото, на маркетингот дека СДСМ ги организирал нивните активисти, факт е дека постои реална состојба, дека таа сегментација кои се занимаваат со ова производство, како што е кажано во Инфорамцијата овде, и која е крупна во РЕпублика Македонија чувствува незадовлство од својот вложен труд за оваа година како му се валоризира тоа на кантарот. Тоа е објективноста. Постојат и други попатни колотечини, но не се доминантни. Важна е доминацијата на ова дека тие не се задоволни од она што преку годината го вложиле во производството на тутунот и тоа

незадоволство го кажуваат на свој начин како што го кажувале безброј пати пред тоа други сегментарни слоеви во општеството по повод други состојби и тн. Значи, треба да се признае пред се објективноста на тој пат, за да можеме овде пореално да ги лоцираме состојбите во тој дел.

Мојата намера кога инсистирав овде да се стави таа информација беше вака да се начнат проблемите во тутунопроизводството, а не само за откупот, за да може работата да се движи понатаму. Посебно ме радуваат последните две-три дискусии, без разлика на политичката опција што начелно во тој правец ги упатија дискусиите: што од фактичката состојба во Македонија која е незадоволителна може да се направи чекор понатаму за тутунрпроизводството, за луѓето кои се занимаваат изразени низ оваа бројка, за вредносните економски категории кои можеме да ги видиме од информацијата, изразени преку количество, преку бројка на извоз на тутун во процент 85%, нето девизен прилив изразен овде во над 100 милиони долари, што значи тоа за Република Македонија, социјалниот аспект на категоријата на населението кое се занимава со ова производство, прврршините на земјоделско земјиште на кое се обработува оваа култура за која нужно замена со друга култура ретко е можна и тн., за кои) може да се зборува од повеќе аспекти и за кои мислам не оваа Влада не минатата и незнам идните; влади, мое лично убедување е, кои ќе направат чекор за стабилно и редовно производство на оваа култура во Македонија, мислам оние власти кои ќе дефинираат таква економска политика во Република Македонија, мислам дека повеќе ќе успеат во афирмацијата за стабилизација на државата Република Македонигја, за разлика од некои магливи очекувања, недефинирани, што се надеваме дека можат да се случат во иднина.

Ако овде квантифицирано го изразуваме ова низ производство и низ вредности, што јас сметам дека и сиромашна е оваа информација, не е доволно направен напор. И не само напор, лично сметам дека се кријат јвдкои податоци, дека и власта доаѓа тешко до релевантнни показатели, податоци, за да се види точно што се случува со оваа култура и кои се вкупните економвки ефекти од сето тоа. Ако се земе дека тоа е едно производство од околу 250 до 300 милиони марки годишно и ако се земе четиригодишен период, ете ја милијардата од Тајван, да речам условно, која постои во Република Македонија фактички опипливо на тере нот. А ние се однесуваме ков тој сегмент како политички маркетинг, како категорија на луѓе кои можеме да ги скубнеме оваа година, другата ќе им попуштиме ако се види дека многу ги задавивме луѓето, малце да зема воздух, пак да ги зголемат површините со откуп на тутун, па наредната пак ќе ги ждребнеме, одвај ќе им дадеме да дишат и така во недоглед во тој циклус. Мислам дека во таа насока треба да се води оваа расправа вс Собранието на РМ и отпорите кои постојат во монополската позиција на голем дел на субјекти во Република Македонија треба да се прекршат за соодветен начин. Пред се, треба да се прекршат со дефиниција во Законот за тутун. Овде некои луѓе или од недоволно знаење или не сакааг да ја прикажат таква состојбата, јас знам дека некои овде што дискутир; ги знаат состојбите, но сакаат да се прикажат во политичка припадност, опција, позиција и таква позиција да зазематод оваа говорница. Ние мора да кажеме дека со 1990, 1991 година наследивме една гранка во Република Македонија, тутунската индустрија, која; во рамките на пора-нешната СФРЈ беше привилегирана. Заради другите позиции во договорната економија што ја имаа другите тогашни републики и покраини беше привилегирано турунското производство од аспект на субвенциите што ги доби-ваше тутунопроизводството од аспект на позицијат ашто ја имаше ова подрачје и што немаше други стратешки култури да речеме со исклучок на оризот и тн., кои беа субвенционирани и имаа една висока положба. Тутунскаста индустрија, мора да се признае, имаше висока положба и тоа ако се сака да се погледне во минатиот период, мислам во таа поранешна Југославија, всушност тогаш е создадена и цела инфраструктура во Република Македонија преку тие преработувачки капацитети кои денес ги има дури и премногу за такво реформно прозводство како годинава што ќе има од 31 илјада тони суров откупен тутун. Има толку организации со посебни заокружени целини за преработка на суров тутун, со ферм заводи, со магацински простори, со обработка на тутун, три фабрики за тутун во Република Макеоднија за цирари, од кои една третина се праработуваат во десет илјади тони цигари за домашен и странски пазар и тн. Факт и ова што зборуваше господино пратеник, поранешниот министер за наука. Ние во Република Макеоднија имаме седумгодишна традиција на Институт на тутун, на научна инетитуција. Ако таквата производна традиција е создадена со таква инфраструктура во Република Македанија, производни капацитети, традиција, освоени пазари, кажете ми друг произ вод кој 40 или 50 години се цродава на западно-американскиот пазар освен тутунот од Америка да го лоцирате и да речете, еве, освен тутунс или некоја научна од Универзитетот "Кирил и Методиј"; јас незнам, нека кажат дека има таков производ што сме

продале за толку традиционални години освоени пазар И тоа не се освојува лесно. Тоа е заработено искрено кажано на тежок начин и само потсетувам на таа состојба дека тоа треба да се поттикнува и ад се организира на начин на ко.ј ќе приличи на Република Македонија. Недоволното внимание во таа свера и запоставувањето на основниот сегмент и алка во тутунопроизводството, а тоа се примарните тутунопроизводители, мислам дека води до несериозно водење на државата не од оваа власт, туку од било која власт.

Во таа насока и во тој правец јас би сакал оваа информација да се пополни денес. Инаку, има проблеми на теренот. Од таа ситуација што ние се политизираме, некои подрачја, некој зборуваше овде региони не соодвестуваао овде податоците што се кажани во Информацијата дека секаде сосотојбата е нормална со откупот; оваа година како што се сака да се прикаже. Има подрачја кои се тотално запоставени. Мислам дека претежно вниманието, со оглед дека револтот беше претежно најмногу изразен во подрачјето на општината на градот и регионот Прилеп, како што некој рече, дека таму е вниманието поголемо, додека другите региони навистина се за жал запоставени за сметка на тој регионо оваа година. Мислам дека власта околу тоа прашање треба да поведе сметка. Сега јас од позиција на опозиционен пратеник морам да кажам дека одговорноста за оваа. состојба во оваа и наредните четири години останува на вас и така ќе биде. Немојте да ги барате сега причините, оваа поранешна власт што беше си ги понесе одговорностите за состојбите.

Да ви кажам моја лична оценка. Во еден момент ние го доне-совме Законот за тутунот, кој ги следел тие состојби можел да ги следи, се носеше пет години. Дури, од првата влада оттогаш беше почната проце-дурата, па се доенсе до третата или четвртата влада. И кога тој закон успеавме со залагање да го либерализираме во одредени рамки и даде одре дени резултати минатата година, веднаш наредниот месец во февруари минатата година, сега е годишнина, рестриктивно се пријде во однос на измената и дополнувањето на тој закон. Нека се погледнат измените и дополнувањата и нека се води расправата што се водеше во Собранието, па ќе се види како брзо реагираат субјектитег во Република Македонија кои почуствуваа дека нивна монополска положба е загрозена со подобрување на положбата на субјектите на примарните тутунопроизводители во Република Македонија. Мислам дека е должност на оваа влада, ако тоа не го стори, а требаше и Комисијата; за земјоделство и шумарство, заклучоците од расправата што ги предлага овде, да се осврне сегментарно на тоа прашаше и да каже дека не е во заклучокот како што е, дека треба да се следат состојбите со откупот и исплатата на тутунот во функција на практична примена на Законот за тутун, а и да се преиопита положбата на субјектите во тутунопроизводството што е дефинирана во Законот за тутун и во Законот за тутун да се иввршши изменување и дополнување во смсила на либерализација на дел од дискусиите на некои пратеници овде.

Мислам дека тој правец ќе ослободи првично ослбоодување на енергија и ќе создаде подобра положба кај основните тутунопроизводители ви за ви комотната состојба што ја имаат да речеме со сегашната положба што му ја обезбедува овој монополски закон за тутун со измените и допол-нувањата што се направија минатата година. Тоа е нужно како прв чекор што се направи, а побитна работа е ова што зборуваше господинот Аслан Селмани и некои други пратеници што треба да се дефинира стратешката положба на тутунопроизводството во Република Македонија. Ако тоа не се дефинира, неможат да се влечат соодветни решенија во тој правец, туку ќе бидат палијативни решенија за одреден период, па ќе се напаѓаат и тн. Ако таа состојба се дефинира на местото и улогата што му припаѓа на тутунопроизводството во оваа Република Македонија, мислам дека ќе се најдат и соодветни решенија и во тој правец ќе се влечат за да може тоа тутунопроизводство понатаму да биде во се подобра и подобра положба, а не од социјален аспекти како што се вели во информацијата туку од економски аспект и јас навистина тврдам дека долгорочно на Република Македонија еден од излезите ќе им биде, и тоа економски излез, во тутунопроизводството вкупно и производството на цигари, со цела сегмен тарна ситуација што досега ја има постигнато во делот на произведува-њето, во делот на пласманот, освоените пазари, се е тука, цела инфраструктура е тука во однос на знаењето, во однос на ангажираниот капитал на теренот што го имаат сите домаќинства со изградени свои инфраструктурни објекти за производство на тој тутун, такви какви што се, нема потреба од дополнителни вложувања.

Владата треба да ги преиспита и своите даночни и други фискални определувања во делот на поттикнување на тоа производство. Да ЗЈтете уште нешто, ако денес нема информативна блокада, ако знаат нашите тутунопроизводители дека само на 50 километри од Прилеп или на 100 километри тутунопроизводителите во Грција за истиот тутун земаат при откупот 10 марки по килограм, или 9,5 марки, а на тутунопроизводителите во Турција исто 9,5

марки, тој знае дека со него политички неможе да се манипулира, тој си го бара своето. Дека делот за кој на некој начин и во Информацијата Владата признава дека се оства-руваат над 100 милијарди, милиони девизни долари од увоз-знаете, видете колку му останува на тутунопроизводителот, иако бројките на некој начин овде се скриени до крај и можат егзактно да се изведат колку биле 1997, 1996, 1995 година од извоз, ако има евиденција војоваа држава, и ако има контрола во оваа држава, и ако се почитува власта има механизми да се достават тие информации до власта и да ни се презентираат нам како пратеници овде, а не кажано округло па на коше дека над 100 милиони и тн. се, а над 100 милиони може да биде и 101, а може да бидат и над 100 до бескрај, даречеме математички гледано.

Уште нешто да додадам, сега на микро план. Јас сум задолжен како пратеник од регионот од каде што сум, поради некои политички фрустрации на некои доминантни фактори, пред се на заменикот министер овде, кој 30 години ги јаде луѓето таму како директор на тоа претпријатие што го упропасти, и поради нивната национална и политичка припадност како што беше соопштено овде од општина Житоше, луѓето се јавуваат и жажуваат дека таму и откуп веќе нема, затоа што кантарот е поставен од препријатиетo од господинот директор и му вели ако дојдеш да го донесеш за 70 денари, повели, па ќе ти откупам, ако не не ти откупувам. Па наоѓаат свои пријатели со ВМРО овска припадност па преку нив успеваат нешто да дадат во Прилеп, лево, десно и тн.

И втзора ситуација за која сум задолжен да ја кажам овде е користејќи ги токму монополските одредби од Законот за тутун, некои колеги негови, на тој колегата од Охрид кој се јави да откупува таму тутун по пазарна цена, запретено му е од кабинетот, од тука од господинот: заменик министер немој да ми се мешаш во моето подрачје, затоа што ќе те уништам како фирма и луѓето остануваат без можност да го предадат својот турун.

Молам, еве тоа да се слушне и преку говорница. Морам тоа да го кажам, мене ми е жал ако навистина тоа е така, а луѓето инсистираат тоа да го изнесат и не би сакал би сакал да се води конструктивна расправа, да имаме корист како државата Македонија, и граѓаните да имаат корист.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Наќе Стојановски.

Побара збор, бидејќи беше спомнат, заменикот министер. Тој и онака бараше пред тоа збор, а потоа Петар Гошев.

Има збор господинот Јован Дамчевски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ЈОВАН ДИМЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувано претседателство, дами и господа пратеници, почитувани министри,

Јас сепак сум должен како заменик на минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, прво да го извинам министерот, бидејќи тој се наоѓа на пат во Италија и неговото отсуство мораше денеска да биде. Меѓутоа, проблмите околу откупот на тутунот, проблемите кои навистина сме ги имале и други години, но тие проблеми во претходните години биле сосема од поинаква природа, а годинашниве проблеми по се изгледа дека повеќе имаат политичка димензија, отколку објективна димензија. За сето тоа, јас навистина ќе се потрудам со некој потатоци со кој овде располагам, кој можат да бидат достапни за секој, што сакаат да ги видат, да се види навистина каква е состојбата со откупот на тутнот, односно каква била состојбата со производството, откупот и пласманот на тутунот, не само оваа година, туку и во изминатиот период од пред десетина години или печест години.

Прво, точно е тоа дека Информацијата свесно, несакајки да навлезе во работи навистина нема да бид епогоенена едната страна а сигурно и барањето на пратеникот Кирил Настевски, што беше доставено до Минситерството за земјоделие и шумарство и до Минситерството за стопанство и до Минситерството за трговија не бараше конкретно, прецизно Информацијата во која насока да се движи. Беше поставнео пра-шањето за откупот на тутнот и проблемите околу откупсот на тутнот. Значи прецизно да се каже како се одвива откупот на тутнот од реколтата од 1998 година. Сакам да кажам, бидејки треба да знаат систе тутнопроизводители ако некогаш бил извршен неправилен откуп на тутун тоа беше ивврршен минатата година од реколта 1997 година, кога Законот за тутун, кој некој овде од пратениците кажа дека бил донесен и точно е дека се донесе тој Закон за тутун, со една долгогодишна расправа, со едно 5-6 годиншна расправа околу Законот за тутун и на крајот се доенсе тој закон за тутун, и точно минатата година тој Закон за тутун беше изменетво насока да се дозволи на тутунопроизводителите од територијата на РМ да можат да договараат тутун во цела Република Македонија. Бидјеки пред тоа беше прецизно кажано, беа одредени региони и се кажа дека одредено подрачје може да контрахира во одредени региони од едно подрачје во друго што мислам и беше надвор од Уставот на РМ, затоа тој Закон за тутуно нормално беше променет минатата година. Меѓутоа неправилнсота која лани се одрази во откупот на тутун, беше во таа линија, во таа мера да се купува тутун, не по мерила морам да кажам на оние кои не знаат кои

не се во тек, тутунот на РМ се произведува повеке од 100 години, има над 100 годишна традиција и сигурно во овие 100 години таков неправилен откуп не бил извршен отколку што беше извршен минатата година. Во што е неправилноста за откупот на тутунот. Неправилнсота се состои во тоа што и оној производител кој работел, кој вложил труд, да биде неговиот тутун откупен по 130 денари и на оној производител, кој работел, кој вложил труд, кој неговиот тутун сигурно чини два или три пати повеќе, од оној тутун кој не е добро сработен, да чини 130 или 140 денари. Па се поставува прашањето кој е виновен за еден таков откуп. Навистина постоеше конкуренција, да кажам за информација на пратениците, дека пред две години неколку организации од тутунската бранша се трансформирани, односно се отлупени од странски фирми т.е. поранешен Југотутун Битола, Струмица Табак, претпријатието за откуп на тутун од Виница и претпријатието за откуп на тутун Кавадарци. Овие претпријатија се практично откупени од стрнаски фирми и со тоа практично се создаде либерализацијата околу откупот, пласманот на тутунот. Меѓутоа, уште еднаш да потенцирам не би сакал, издвојувам кој колку е виновен за она што се случуваше минатата година, меѓуроа, пред се, Минситерството за земјоделство и шумарство, неговата инспекција што дозволи да се купува тутун I; класа и III класа заедно, неговата инспекција што дозволи да се купува тутун и да се вагаат со камења наместо со жигосани тегови и да не зборувам редица други работи што се случуваа. Тоа го кажаа некои од пратениците, странските купувачи на нашиот тутун, кој да кажам дека е среќа за сите производители во РМ, бидејки оваа култура има долгогодишни купци, кажа некој дека САД се најголеми откупувачи на нашиот ориенталски тутун, минатата година замерија до таа крајност што навистина оваа година иако финансираат одредени претпријатија, минатата година, оваа година избегнаа тоа финансирање да го направат, тоа е компанијата "Франа" од Женева. Причините кажав кој беа, меѓутоа, сигурно можеби не може кривицата да се бара само од Миниетерството, туку и организациите откупуваа тутун и здруженијата на тутунопроизводителите кои дозволука да се купува тутунот по одредена цена.

Кога сум овде, уште еднаш сакам да го објаснам ова прашање. Не беше проблемлт што цента беше висока, никој не љубомори што на проозводителите им се плати тутунот по една висока цена. Меѓутоа, требаше да се направи тутунот да се купува по класи, бидејки постојан мерила за откуп на тутун за квалитативна и квантитативна процена. Некој производител кој работел, кој вложил турд требаше да му се плати тутјнот 160 или 170 денари, а некој кој не го работел требаше да мус е плати тутнот и 120 и 100 денари и повторно да се добие онаа просечна цена која навистина беше постигната. Никој не беше против постигнување на една повисока цена ако тоа го бараше пазарот.

Меѓутоа, ненавлегувајќи за прашањетоа од кој аспект и од кој агол беше поставено, да кажам дека производстовто на тутун од 1993 година во РМ, посебно 1994 година , 1995 и 1996 година производствоот на тутун доживеа една стагнација и од 25.000 тони во 1993 година, падна на 14.000 тони во 1996 година. Зошто падна производството на тутун. Затоа што не се водеше стратегија за земјоделското производство, односно за тутунот. Еве јас ке ви ги прочитам откупните цени кои се постигнати во тој период. Во 1994 година, постигната е откупна цена од 1,30 во 1995 година од 1,50 и во 1996, 1,80, меѓутоа, наредната година, кажав со откупот од странските фирми, со влегуваше на пари од овие странски партнери, цената порасна над 2 долари и заштитната цена која ја донесе Владата на РМ е 106 денари или над 2 долара и таа цена  оваа година тутунот државата, доколку органиазцијатане можат да го откупи, сигурно ке го откупи. Она прашаше кое на производителите му се поставува дали на производителите  на тутун им се откупува тутунот или не им се откупува, не би требало на произволни кажувања да се задржуваме, бидејќи јас имам најнов извештај, Министерството за земјоделие и шумарство го следи откупот на тутунот, имам најнов извештај пред мене, откупени се 15.000 килограми тутун со 14-ти, што претставува 50% од производството на тутун. Ако се има предвид, дека производстовот на тутун треб да заврши на 31 март, ни остануваат оште 45 дена, или 40 работни дена, тогаш производството на тутун од 31.000 килограми ќе биде откупен заклучен со 31 март и не би требало производителите да страхуваат за воето производство.

Она што беше овде кажано, мислам дека не треба некој, без разлика кој од која позиција настапуваме да си земат за право да кажува дека некому тутунот е откупен вака или така. Јас еве да кажам, точно како што еден од пратениците кажа, може да се провери да се каже,која е постигнатата откупна цена дали е повисока, во споредба со другите откупни пунктови или е пониска. Јас ви кажувам дека е повисока. И да кажам уште ова во тоа подрачје каде г-динот Наќе Стојановски кажа тој што спомна, може да се проверат податоците за 10 или за 20 години дури беше директор на таа организација, дека имаат највисока просечна откупна цена во РМ. Према тоа, ако некј ги јадел, сигурно ке му ддат помалку пари. Напротив, не заради тоа што некој сакал да му дава пари, заради тоа што тоа е критично тутун-ско подрачје. Таа организација водела секогаш сметка за своите производители. А не дека некој сакал да дава пари иои дека им биле симпатични. Тоа е тутунско подрачје, таму се произведзва тутун, тутунопроизводителите се стокови производители кои произведуваат од два до три или до 5 тони тутун, некој повеќе и затоа се водела сметка Не заради тоа некој дали ги сакал или не ги сакал. Сигурно и тие кои ја водат сега фирмата, сигурно и тие ке водат таква сметка бидејки и требаат, а таа

фирма а таа фирма и сите други фирми сигурно ке мора да живеат и затоа треба да мислат за тие тутунопроизводители. Она што сакам да го кажам дека бидејки минатата година кажав дека Законот за тутун беше изменет и за информација на сите пратеници кога некој им се јавува по телефон треба да го прашаат кој со која организација направил договор. Кој од која органиазција добил жолт картон, за што сега морам да кажам господа пратеници, Струмица Табак од Струмица иако во реонот во Прилеп и Крушево, кога зборувам за овие претпријатија, не зборувам за Градот Прилеп и за Градот Крушево на тие откупни региони 50% од производството е договорено од "Струмица Табак". Тоа што "Струмица Табак" не се појавува таму, сигурно ниту Тутунскиот комбинат од Прилеп, ни директорот на тутнонскиот Комбинат од Прилеп, на Крушево и Битола не се виновни, затоа што "Струмица Таба не си нашла интерес, иако направиле договори. Се поставува прашањето да се ливерализира тутунот. Тоа може да е стратешко прашање за кое треба да расправа Владата на РМ. Либерализацијата на тутунот треба да се движи во таа насока, навистина ова што е со Закон донесено секој го има правото да склучува договори каде што сака во Македонија, меѓутоа, не може тутунопроизводителот да прави договори со 5 органи зации, или со 3 организации, затоа што утре неговото производство ке биде оставено, како што е денеска не се појавува. Ние немаме точна контрола, односно подрачната единица на Министерството за земјоделие и шумарство ни во Крушево ни во Прилеп, ни во Демир Хисар има точна контрола, бидејки не се водеше таква евиденција да знаат овие луѓе кои сега реагираат со кого имаат склученод оговори, бидејки податоците од жолтиот картон не стојат дали има со Струмица, дали има со Битола или со некоја друга органиазција. Према тоа, она што како стратешко прашање треба да се постави, бидејки производителите на оние штрајкови го поставија прашањето да се утсинат жолтите картони, се поставува прашање паметно е или не е поаметно. Нека се оцени има време да расправаат и здруженијата и независните синдикати, кој прв пат годинава се родија и штрајкачките одбори кои исто така прв пат се родија да седнат заедно претходно и да се договорат и да кажат дека ние бараме за тутнот да не се склучвуаат договори, односно ако се склучуваат договори да нема жолти картони, а послке кој ке го купува тутунот, нека го купуват. Јас мислам дека тоа ке биде најголема грешка што може да и се случи на оваа култура. Сепак не треба да го заборавиме некој кажа, дека 200.000 луѓе во РМ се занимаваат со производство на тутун. 100 милиони долари на оваа држава и носи девизен ефект тутунот. Бројка која навистина не треба да поставуваме. Но да оставиме се настрана кој на која политича партија и припаѓа, кој какви поени сака да добие, бидејки ни претстојат избори, тоа да го поставиме на сонови кои ке носат само "интерес на производителите, интерес на оваа држава.

Јас на крајот би сакал да завршам свесна Инфорамцијата не сакаше да покрени политички димензии, избегнувајки од политиката односно избегнувајки од политиканството, бидејки ако беше политика ке имаше некоја цел, од политиканството сигурно нема цел, а тоа сигур-нос е докажа дека откупот на тутун во РМ се одвива со еден најголем нормален тек, мора да кажеме дека оваа Влада направи максимални напори да им обезбеди на оние рганизации кои немаат обезбедено сред-ства да го откупат тутунот, а откупот на тутунот ке значи егзистенција на тие луѓе, а дали е цената висока на тутунот, дали е цената ниска на тутунот, сигурно да не се навраќам на Кочо Рацин кој кажале за тутунот, меѓутоа, оваа дорржава кога ке стане богата, сигурно и да сакме ние како Минситерството и да сакаат организациите да ги задржат не можат да ги задржат. Меѓутоа, дури се состојбите вакви, тогаш ке мора да се направи одреден стратегија, која ке им гарантира на тутуно-производителите стабилно и гарантирано производство, за која навистина ке има традиционални пазари, мора да се работи на тој проблем дека ке биде интерес за овие луѓе кои се занимаваат со производство на тутунот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Таман човек ке се понадева на нешто оптимистичко, веднаш поеледниот момент добива контраиспирација. Јас лично сметам дека од воаа говорница овде, било претставник на Влада на позиција, или на опозизиција, мислам е дегект на нашиот систем, не може да се јави во позиција да ги брани сопствените сопственички интереси во фирмата што откупува тутун и од друга страна истовремено да се јави застапник на владина политика, која треба да ги штити интересите на сите субјекти во процесот во конкретниот случај на граганите во примарното производство. Тоа двојство како се обидувате да го усогласите е многу шкартливо и видливи. И тешко дека тоа ке има резултат. Дајбоже да има резултат да се раздвојат тие интереси. Но по природата на интересот, не можат да се раздовјат, затоа што првиот, сопственичкиот е примарен. И секогаш вашата вага г-дине замениче ќе претега на вашиот сопственички интерес, како откупувачи оној што ја одредува цената визави индивидуалните производители.

Втората работа, немојте ве молам, единствена година од последните, не затоа што таа година беше година на минатата власт кога индивидуалните тутунопроизводители некое задоволство почувствува и почувствуваа првпат задоовлство од својот вложен труд да им се валоризира, вие го дефинирате овде од оваа говорница како катастрофална грешка што не е позната уште од времето на турското ропство. Тоа беше само трошка надежд дека работите ќе се движат во позитивна насока, за жал минатата година во февруар со инмената на законот беа по мое лично видување беа пресечени и тоа по ваш притисок на сопствениците на таа монополска

положба што ја држите 40 години во Република Македонија.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Дилемата е голема но вие навистина ке треба да се определите во наредниот период, според мене, дали ќе ги застапувате своите интереси или ќе застапувате интереси според она што го носите името заменик министер, слуга на народот.

И уште една работа. Ги обвинувавте луѓето минатата година дека го продавале тутунот трета, четврта класа и тн. за висока цена и тн. А како вие кога го продавате на странецот, овие 30 години наназад и кога му гурате тројка и тн. за екстра класа и добивате екстра цена. Како вие се чувствувате. Тоа е значи позитивна работа за вас а кога ќе откупите тројка за единица од тутунопроизводителите, тоа е манипулација во негативна смисла.

Треба да се почитуваат економските категории. Оној што ќе се согласи по таа висока цена да го даде и таа количина, тоа е добро. И вие ако сте успеале на американецот да му шитнете стока која не влече таа цена и сте добиле, тоа е добар успех. Значи во тој сегмент од вашето работење сте постигнале успех.

Должни овде останавте конкретно да кажете, бидејќи не беше потенцирано само од мене, потенцирано беше и од друг пратеник, еве реагирале и таму, каква е состојбата со откупот во општина Житоше, бидејќи вие директно како сопственик на вашата фирма имате склучено 99% од договорите таму со тутунопроизводителите и каква е денешната состојба, а не да кажете е нормална. Кажете колку тутун е откупен од тоа производство со денешен ден, затоа што рековме состојбата, иако во Информацијата се прикажува дека е нормална состојбата со откупот, во сите региони не е иста. Има голем дисконтинуитет во однесувањето на теренот.

И конкретно би ве замолил да кажете каква е состојбата во Житоше со денешниот ден со откупот, колку имате откупено и по која цена. Тоа е конкретното прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Само уште еден одговор и ќе ве молам дајте веќе да не се расправаме на оваа говорница за поединечни случаи. И друг некој ќе бара збор, затоа велам.

Има збор заменикот Јован Димчевски.

**ЈОВАН ДИМЧЕВСКИ:**

Прво не сакам на господинот пратеник да му одговарам, меѓутоа моето име го спомна најмалку пет пати. Добро е тоа што го спомнува, тоа е многу добро. Јас кажав дека ќе излезам со додатоци. не со дискусија, не она 99 што го велите вие, туку со податоци колку е тоа. Ќе го кажеме тоа колку е, односно ќе го кажат луѓето што ја водат фирмата таму и колку тие производители за кои неколку пати кажавте дека сум ги јадел. Напротив, јас на тие производители, како директор кажувам, морам тоа да го потенцирам затоа што вие како директор ме спомнавте, па морам да одговорам како директор. Тогаш бев директор, да го кажам тоа сите го знаат и напротив тие производители постојано имале висока цена, а кажав зошто, да не повторувам затоа што и навистина други треба да кажат. Тоа со податоци ќе го докажам.

Тоа дали сум јас таму или ваму, се знае каде сум јас. Јас сум во Министерството за земјоделие и шумарство и таму ќе бидам додека ќе каже Владата, додека можам да работам односно ги извршувам работите. Меѓутоа, сакам да кажам една друга работа. Да не ги политизираме работите кои не треба да се политизираат. Јас кажав дека секој денес во Македонија има право да го предава тутунот каде што сака. Јас пак ќе повторам уште еднаш. Тоа што другарите, односно господата од "Струмица табак" не се појавени во регионот на Прилеп, на Крушево, на Битола и незнам кај, тоа е нивно право, односно треба и ние како инспекција да им кажеме, повелете господо, направивте договори, повелете таму продадете го, односно откупете го тутунот. "Нико Доага" Прилеп, Битола и другите кои се појавија таму и сите други ќе си го купат тутунот. Според тоа никој не треба да го боли главата дека тутунот таму нема да биде откупен. Цената што ќе биде утврдена, има Закон за тутун, во Законот за тутун се знае како се врши проценката, вие бевте едно време таму работевте, сигурно се сеќавате, еве да ве потсетам, има една комисија, друга комисија, па ако е некој незадоволен има Републичка комисија составена од еминентни стручњаци, ќе процени, ќе каже дали е тоа така и готово, завршена работа. Според тоа да не политизираме бидејќи мислам дека оној број на луѓе што го спомнавме од 200 илјади или 10% во Македонија не се виновни ако одредени луѓе во Парламентот, за жал, меѓу себе не сакаат да се разберат или сакаат да добиваат политички поени. Мислам дека нема потреба од тоа. Не ја бранам Владата, не се бранам ни сам себе, не бранам ни претпријатие, ни никој.

Оваа информација што ја побаравте, ако се изготви таа со сите податоци, зошто тоа дојде, навистина е голема работа за што навистина нема потреба. Се ценело така, така се правело. Мислам дека оваа Влада треба да му посвети посебно внимание на тутунот. Тоа е моја препорака, а тоа посветување внимание на тутунот е во интерес на оние 200 илјади луѓе и на оние 100 милиони долари кои се добиваат од тутунот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сепак не добив конкретен одговор на конкретното прашање. Молам, разбирам, можеби заменикот во овој момент не е спремен. Јас барам и треба да се има разбирање,

по писмен пат да бидат информирани пратениците на Собранието во текот на овие дватри дена, каква е состојбата со откупот на тутунот во општина Житоше со денешен ден по однос на откупени количини и по однос на постигнати цени, затоа што јас сум избран од таа изборна единица, граѓаните ме задолжија и не по свој ќеф тоа го кажувам. Исто така сум избран и од Демир Хисар и не кажувам за нив затоа што луѓето не реагираа. Меѓутоа овие луѓе реагираа и основано го барам тоа. Ве молам господине замениче бидејќи сте во двојно својство овде, не како ди-ректор, како газда, газда во двојство на интересите што ги имате како застапник на јавни овластуваша во интерес на слуга на народот и во интерес на сопственичките интереси. Кога ќе расправаме за пиперот и патлиџанот нема да бидете во тоа својство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе Предлог на заклучок кој е содржан во Извештајот на Комисијата.

Молам кој е за предложениот Заклучок содржан во Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, молам да крене рака? (49 пратеници).

Дали има некој против? (22 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на третаточка Предлог одлука за изменување и дополнуваше на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерствата, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија. Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Дали претседателот на Анкетната комисија, господинот Чедо Петров сака да дообјасни? (Да).

Има збор господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Најнапред во врска со овој предлог по Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки, би сакал да кажам дека ќе се обратам прво како претседател на Анкетната комисија и второ како предлагач на оваа одлука.

Ние како Комисија бевме во обврска да изготвиме една информација за досегашното работење до 15.02.1999 година. Одлуката за формирање на оваа комисија е донесена на 18.12.1998 година, додека изборот на членовите на Комисијата за јавни набавки е на 28.12.1998 година.

Првиот конститутивен состанок оваа комисија го одржа на 15.01.19 99 година каде што се формулираа и прашањата, односно првичните контакти со министерствата, со Владата на Република Македонија и со Собранието на Република Македонија.

На состанокот на Комисијата за јавни набавки на министерствата, на Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија доставивме Прашалник до сите министерства, до Владата и до Собранието на Република Македонија кој гласи:

1. Кои јавни набавки се извршени во периодот што е пред нас на анкетирање од страна на Анкетната комисија. Обезбедување на средствата за овие набавки.

2. Спроведување на постапката на набавките.

3. Организирање на органите за спроведување на набавките.

4. Реализација на договорите.

5. Оформување на документација за извршените набавки и

6. Евиденција на извршените набавки.

За одбележување е дека информациите кои што требаше да ги достават ресорните министри поприлично се доцнеше. Меѓутоа има едно оправдување дека овој период е премногу краток за периодот кој што е предмет на анализа, 1992, а подоцна дополнето со уште една одлука која што го опфаќа и периодот од 1991 година, значеше дека министерствата задоцнија. Но, не станува збор за тоа дека има оправдува-ње, ако сакаме да бараме оправдување. Мислам дека приодот од страна на министрите не беше најсериозно сфатен за да ги достави овие барани податоци од страна на Анкетната комисија. Не се добиени уште од четири министерства и од Службата за општи и заеднички работи, до вчера. Добивме информација во писмена форма само од Службата за општи и заеднички работи дека е во изготвување на завршна сметка, затоа ќе задоцни материјалот што го подготвуваат за доставување до Анкетната комисија.

Бидејќи имаме доволно материјал за обработка од страна на Комисијата, ние тоа го прифативме дека еден извесен период може да се почека. Меѓутоа, добиените информации од страна на одредените министерства се делумични, односно опфаќаат, или беа криво разбрани, опфаќаат период од 1995 до 1998 година, односно 1996 до 1998 година каде што почнува, односно кога е донесена Уредбата за јавните набавки. Не е опфатен од дел од министерствата периодот од 1991 до 1996 година.

Оваа материја е регулирана со неколку законски решенија. Тука 1996 година е

поопипливо кога е донесена Уредбата за јавните набавки и 1998 година Законот за јавните набавки. Меѓутоа, ние го разработивме досега добиениот материјал од МВР кој што ќе биде предмет на разгледување на наредната недела. Од наша страна, од Комисијата е доставено барање да се симне назнаката Стрдов., за оној материјал кој што беше објавен од страна на министерот за внатрешни работи во јавните гласила. Се надевам дека до крајот на неделата ќе добиеме одговор и дека оваа назнака Стрдов. ќе биде повлечена на дел од материјалот кој е даден од МВР и ќе може да биде предмет на разгледување во почетокот на наредната недела, мислам дека ќе биде тоа вторник, доколку Собранието не закаже нова седница.

Што се однесува до вториот дел, односно до Предлог одлуката за проширување, односно за измена и дополнување на Одлуката за јавните набавки на министерствата, на Владата и на Собранието на Република Македонија, тоа потекнува, од една причина што најнапред постоеја многу вистини, полувистини или невистини објавени во јавните гласила дека најголем дел од недозволените дејанија претходната Влада ги има правено во јавните претпријатија. И се со цел на ветувањето што го дадовме дека ќе бидат предмет на анализа сите претходни наводно напоменати од граѓаните дека постојат вакви недозволени дејанија, ние мислиме дека ова треба да биде предмет на анализа. Не можеме да дозволиме, како што некои на претходните седници си дозволуваа на говорницата, како господинот Стојан Андов кога излезе и кажа толку посто тие земале, толку посто други земале и тн. Се на претпоставка.

Ние како Комисија ќе појдеме од фактот на документацијата што ќе биде дадена на увид.

Со Законот за јавните набавки во аргументацијата за прифаќање на оваа Предлог одлука се уредува начинот и постапката за вршење на јавни набавки за корисниците и единиците корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на Република Македонија, вонбуџетските фондови, како и агенциите и јавните установи и другите органи и организации основани во Републиката. Мислам дека ова ќе ја прошири обемноста на работата на Комисијата.

Предлагам оваа одлука да се прифати. Предлагаме рокот да биде пролонгиран до 15.04.1999 година. Мислам дека овој рок, до колку материјалите бидат обработени и доставени од директорите на јавните претпријатија и од министрите на соодветните министерства, ќе биде обработен од страна на Комисијата и ќе се достави информација до Собранието на Република Македонија.

Ние во континуитет, обработувајќи ги материјалите од министерство до министерство ќе даваме информации до Собранието, завршувајќи го едното министерство, било кое по ред, ќе дадеме тековна информација, а на крајот кога ќе бидат обработени сите материјали од сите министерства, од Владата и Собранието на Република Македонија и од јавните претпријатија ќе дадеме дефинитивен извештај до Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Чедо Петров.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Љупчо Поповски

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Јас само би потсетил, кога се расправаше во врска со потребата за формирање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки и за утврдување на евентуална одговорност на носителите на таквите дејанија, ние како пратеничка група на СДСМ таа иницијатива ја поддржавме, дури инсистиравме да биде опфатен и еден период од работата на експертската Влада 1991/1992 година. После нашите укажувања и аргументирани настапи дека би требало да биде опфатен и овој период се согласи Собранието да го прошири и тој дел. Сега во образложението на претседате-лот на оваа Анкетна комисија меѓу другото се спомнуваа некои периоди од 1995, 1996 година за односот на министрите спрема потребите кои што ги искажува Комисијата, меѓутоа не беше спомнат овој период. Но се надевам дека во работата на оваа Анкетна комисија нема да биде заобиколен и тој временски период од работата на експертската Влада од 1991/1992 година.

Меѓутоа, она што ме натера овој пат да земам учество во расправата, неодбеглив е впечатокот, односно ми се наметнуваат две констатации во врска со целата активност и работата на ова формирана Анкетна комисија.

Едниот впечаток кој е неодбеглив и мислам дека станува јасен на македонската јавност, а тоа е дека оваа комисија си остави преамбициозни рокови околу излегувањето во јавност со евентуалните наводи по повод испитувањата на оваа анкетна комисија. Вие знаете дека тоа беше прво на 15 јануари, па 15 февруари, па сега имаме дури 15 април. Тоа значи дека проценките на иницијаторите за косntитуирање на оваа анкетна комисија за што и ние на почетокот нешто укажувавме, биле лоши, Според тоа, станува збор за еден обемен материјал за кој веројатно не се доволно кадарни, или пак отворено тука треба да се каже дека има одредена опструкција од страна на актуелните министри во врска со доставувањето на неопходните податоци. Тоа е едниот момент, односно едната констатација што сакав да ја нагласам.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Втората констатација е, мислам дека се работи за една смислена политичка тактика на парламентарното мнозинство , оваа работа на Анкетната комисија да сд врши во еден

недоглед како би можело во воздух или во македонската јавност да стои обвинението или дамакловиот мач на вината на носителите на јавни функции во изминатиот период

Мислам дека таквата работа е што побргу да се пресече, со што мислам дека и сугестија би било добро, барем од страна од членовите на оваа Анкетна комисија и го молам претседателот на Анкетната коисија да им сугерира на актуелните министри во Владата на РМ, бидејќи, веројатно, им е познато дека е формирана таква Анкетна комисиј од Собранието на РМ, да не излегуваат во јавноста со обвиненија неаргиментирани во врска, особено, за оној предмет на истражуваше, кој што го има како обврска и задача оваа Комисија. Мислам дека таа сугестија би требало да биде примена , до колку имаат одредени материјали, за кои што кажав претседателот на Комисијата дека не му се доставувани , ред би било прво тие материјали да бидат донесени односно ставени на располагање на Анкетната комисија. Ете, ги имам само тие две сугестии. Инаку, во принцип ние, како што рековме и на почетокот, апсолутно немаме никаква причина оваа работа на Анкетната комисија да ја поддржиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љупчо Поповски.

Дали уште некој бара збор по општиот претрес? (никој)

Ако никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по предлогот на Одлуката.

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за , молам, да крене рака?

75 пратеници гласаа за одлуката.

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Минуваме на точка 4 Предлог на одлука за формирање одбор за одбележување на Педесет годишнината од основањето на Советот на Европа.

Предлогот на Одлуката е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

78 пратеници гласаа за.

Дали е некој против оваа одлука? (никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за формирање одбор за одбележуваше на педесет годишнината од основањето на Советот на Европа.

Минуваме на точка 5 Предлог за разрешување на јавниот обвинител на РМ.

Предлогот за разрешување, мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и дописот на јавниот обвинител на РМ ви се поделени.

Отворам претрес и молам дали некој бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Барам деловнички да земам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Само ќе ве молам по кој член од Деловникот, па повелете овде.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, видно е од вашето изнесување , видно е и од документите што ви се презентирани како пратеници отворате расправа по точка на дневниот ред, под број 5 Предлог за разрешување на јавниот обвинител во РМ. А, истовремено, во врска со дописот на г- дин претседател на Владата на РМ од 10.11.1999 година, кој дословце гласи Предлог до претседателот на Собранието на РМ , врз основа на член 5 , а во врска со член 32 став 1 и член 31 став 1, точка 6 од Законот за јавно обвинителство, Сл. весник на РМ број 80/92, 19/93, 9/94, 9/96, Владата на РМ предлага да се покрене постапка за разрешување на Стеван Павлески од функција јавен обвинител на РМ.

Со оглед на тоа дека располагаме со еден валиден предлог за постапка за разрешување, ве молам врз основа на што отворате расправа по Предлог за разрешување на јавен обвинител. Затоа што, таков предлог вие немате до вас упатено. До овој момент имаме предлог за отворање на постапка согласно Законот за јавно обвинителство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дописот и мислењето од Владата јас го доставив до Комисијата за избори и именувања. Комисијата за избори и именување покрена постапка и дојде до одредени констатации , кои што на вас во писмена форма ви се доставени. Истовремено, постапката содржеше и одговор од страна на јавниот обвинител, кои што исто така ви се доставени и мислам дека денеска имаме доволно аргументи

да водиме расправа по Предлогот за разрешување на јавниот обвинител на РМ.

Сите елементи на постапката се запазени, а беше поканет и јавниот обвинител со мое писмо. Право е да дојде или да не дојде овде, исто така, па според тоа јас мислам дека денеска треба да поминеме на разгледување на предлогот за разрешување на јавниот обвинител на РМ согласно досега добиените ваши мислења. Имаме едно мислење односно ставови на Комисијата за избори и именувања, имаме и одговор на тие ставови од страна на јавниот обвинител, што значи доволно аргументи за да може денеска да се води расправа.

Инаку, ако вие сакате постапката дека ќе треба сега да водиме посебни работни тела и тн. јас незнам за таков став.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно, мислам дека јас несакам ништо посебно, ништо специјално. Барам и ги читам документите кои ни се презентирани на пратениците. Или очигледно несакаме да се разбереме, или очигледно сакаме да ја префрлиме процедурата на начин на кој очигледно дека се сака да се прескокне.

Прво, велите дека постапката одела на Комисијата. Јас колку што гледам до сега, до мене како пратеник е доставено мислење на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на РМ во врска со предлогот на Владата за водење на постапка. Значи, нема предлог од Комисијата за избори и именувања за разрешување, туку има изготвено документ и каде што е очигледно и од текстот, од диспозитивот и од образложението дека тоа по форма е мислеве по однос на Предлогот на претседателот на Владата за покренуваше, повторувам за покренување на постапката. Значи, досега до овој момент на расправа во Собранието , ние немаме ниеден валиден документ пред нас пред пратениците и пред Собранието за предлагање Предлог за разрезрешување, туку имаме единствен документ, што е сосема нормално , согласно со Законот од претседателот на Владата, човекот уредно си се потпишал согласно своите надлежности и овластувања што ги има и многу коректно го насловил и вели "Предлага да се покрене постапка". Сега, ако евентуално јас и вие не се разбереме по ова прашање , најмалку треба да очекуваме некои поради не вокацијата, туку образованието и тн. и квалификацијата. Тогаш залудно е да очекуваме дека некој друг ќе ја разбере оваа работа зошто јас и вие во овој момент спориме.

Уште нешто да додадам, кога веќе спомнавте дека е поканет јавниот обвинител на оваа седница, ве молам да го информирате Собранието кога и на кој ден и во кој час е поканет јавниот обвинител и дали јавниот обвинител ја има примено таа покана, или евентуално ако гледа сега на екранот дознава од вас дека е поканет. Ве молам, да ја дистрибуирате таа покана, доколку е можно стручните служби до пратениците на ова Собрание за да се изврши увид кога и на кој начин е поканет . Ова не го спомнувам случајно, затоа што еден, по мене и по мое длабоко убедување , од елементите што самата постапка ќе ја прават во овој случај невалидна. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас и понатаму останувам на ставот дека постапката е покрената во оној момент со самиот чин што Владата, практично ја покрена постапката за разрешуваше и даде свој предлог за разрешување на јавниот обвинител. Има предлог на Владата за разрешување. Го имаше тој предлог, па дури и ние го вративме назад, затоа што Владата предложи и решение, тој Предлог го вративме назад и во таа смисла јас Предлогот го доставив на разрешување до Комисијата за избори и именувања. Тоа е единствена комисија кај нас, која што решава за тие прашања. По мислењето на Комисијата за избори и именувања и од страна на јавниот обвинител добивме контра ставови изнесени во Предлогот на Кмоисијата за избори и именувања и тоа беше, ми се чини, двете страни сослушани, за да можат пратениците денеска да одлучуваат инмеритум по ова прашање. Тука е и претставникот на Владата, министерот за правда кој што бил присутен на седница на Владата. Ние, навистина добивме конечен предлог за разрешување на јавниот обвинител. Затоа, сметам дека оваа точка денеска ние конечно и ја утврдивме на минатата седница и таа е предмет на расправа. Тогаш не се расправаше дали треба да биде на дневен ред или не, тогаш ја утврдивме како точка, ние денеска можеме да расправаме само по таа точка и да кажеме да го прифатиме предлогот или да не го прифатиме. Тоа денеска го имаме на дневен ред. (Наќе Стојановски повторно бара збор).

Да не се надмудруваме сега за овие работи, дајте да му дадеме збор на некој друг да каже, можеби другите имаат и подруго мислење.

Г-динот Абдурахман Алити бара збор.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван претседател "на Собраинето, почитувани пратеници, излегов сосема добронамерно да укажам дека очигледно со постапката за разрешување на јавниот обвинител на Македонија нешто не е во ред. Сосема искрено ви укажувам дека ако случајно донесеме одлука јавниот обвинител да го разрешуваме на овој начин ние правиме многу опасен преседан и за денеска и за утре. Несакам да ги елаборирам можните штетни последици од ваквото постапување наше. Ќе се ограничам само да кажам дека ние сме должни да го браниме сопственото достоинство , достоин-ството на овој законодавен дом да се легитимираме и пред внатрешната но и пред надворешната јавност, меѓународната дека сериозни и дека владее закон тука и сите работи ги вршиме врз основа на Уставот и законите кои што се на сила.

Сосема е оправдано и може да ни се случи да не ни се допаѓа Законот за јавното обвинителство. Дозволувам можност тој и да нечини и дека треба да го измениме. Се залагам за тоа, во никој случај ние врз основа на овие документи презентирани денеска тука несмееме да дозволиме да донесеме одлука врз основа на тие членови таму кои што говорат за несовесност и нестручност од едноставна причина, затоа што со едно кажување на потсекретар во Министерството за правда да се оценр дека работата на една државна институција, на една уставна категорија е незаконита или била незаконита и несовесна, тоа е во најмала рака, навистина, не прави , не не прави достојни да не почитуваат другите. Ако ние не сме во состојба да спроведеме една нормална постапка, видете почитувани колеги, мене ми е сосема јасно дека политичкиот став тука е јасен, јавниот обвинител треба да се менува и тој ќесе менува. Се залагам за постапка, со Закон пропишана постапка, реков и повторува ако не ни се допаѓа таа постапка, треба да го менуваме законот , но пред тоа мора да постапуваме според законот.

Јас ви предлагам еден излез да ја бајпасираме оваа ситуација. Нека се третира тој предлог како се вика таму, колегата Стојановски кажа, како покренување на постапка за разрешување на јавниот обвинител и во согласност со одредбите на Законот да се постапува. Тука ќе се донесе материјалот. Видете, да ве ослободам од евентуалната грижа немора ниту да бидат докажани незаконските работи на обвинителот, затоа што и во овој спис тука, тоа е само приказна, тоа не е доказ. Па, дури зошто да не чекаме да го измениме законот и да речеме дека освен причините од член тој и тој јавниот обвинител може да се менува и по барање на Владата, едноставно без никакво образложение. И, тоа е можно. Ако таков биде политичкиот став и тоа има проѓа. Меѓутоа, воопшто не е во ред, не заради сегашниот јавен обвинител , туку и за тој утрешниот и тој после него што ќе дојде, се сомневам ,колеги, дали некој навистина ќе има таква храброст да прифати да биде јавен обвинител со претпоставка дека при сменување на Владата тој ќе биде сменет, а при тоа , не само сменет тоа не е ништо , туку ќе му се рече дека си несовесен, тешка квалификација, нестручен и тн.

Одтука , заради достоинството на овој дом , заради нашето достоинство зошто да брзаме , нека поминат уште десетина дена, но да ја респектираме , да ја почитуваме постапката. Што, впрочем , за тие закони сами сме гласале. Благодарам

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, тука е министерот Камбовски децидно да го каже ставот на Владата, затоа што еден став имавме го добивме, па го вративме, сега уште еден став имаме, па да видиме да го сослушаме ставот на Владата.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван претседателе, и почитувани пратеници, ставот на Владата е многу дециден и јасен и тој се држи во рамките на законските одредби. А, тој став или предлог гласи: "Владата му предлага на Собранието да покрене постапка за разрешување на јавниот обвинител на РМ ".

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот за покренување постапка за разрешување на јавниот обвинител на РМ.

Во оваа ситуација точката 6 отпаѓа.

Минуваме на точката 7 Предлог на одлука за основање Анкетна комисија за испитување на одговорноста на пратеникот Тито Петковски во вршењето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Бранко Црвенковски бара образложение од предлагачите)

Молам, образложение од предлагачите на оваа одлука

дали би сакал некој да даде, или останувате на образложението што е дадено. Значи останувате на образложението дадено во одлуката.

(Бранко кој од предлагачите вели дека останува на тоа образложение)

Овде има 20 потписи на предлагачи.

Ќе ве молам овде иам потписи на 20 предлагачи, молам кој ја има потпишано....

(Господинот Љупчо Анушев се јавува од место дека ја имам потпишано иницијативата).

Добро Љупчо Анушев ја има потпишано.

Дали сакате сите 20 да станат?

(Бранко не доволно е)

Добро, имате образложение.

Отварам претрес.

Молам, кој бара збор за образложението .

Наталија ќе даде образложение за одлуката.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, бидејќи на седницата на која на денвен ред беше законот за амнестија од оваа говорница се дадоа многу изјави кои што се сосема непријатни, упатени кон една личност, од пратеникот господин Тито Петковски и од таа причина по завршувањето на таа седница а по предлог на 20 пратеници предлагаме основање на Анкетна комисија која што ќе ги испита околностите под кои што се потпишани неколку

акти во текот на 1997 година, а се разбира дека причината е токму во потпишувањето на указот за донесување на законот за знамиења од кои што произлегоа реперкусии, непријатни реперкусии.

Во предлогот на оваа одлука, член 76 од Уставот на

Република Македонија, став 1 ,2 и 3 и член 32 алинеја 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на која што предлогодлука на самиот крај ви даваме едно кратко образложение во кое што образложение напоменуваме дека причината за оваа анкетна комисија е произлезена токму од инволвирањето односно импутирањето на г-динот Тито Петковски.

За да се расчистат овие дилеми и за да имаме аргументирани докази токму за потпишувашето на неколку акти во текот на 19 97 година и овој акт кој што со одлука на Уставниот суд е суспендиран предлагаме основање на анкетна комисија,меѓутоа овој пат се разбира нелимитирано со време за произнесување на анкетната комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? за збор се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседтеле, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници овде нешто не ми е многу јасно и би сакал бидејќи овде не постојат имињата, ги барам сите 20 имиња кои се потписници и предлагачи да ги знаеме доколку може.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, искрено кажано ми направивте голема чест со оваа иницијатива за основање анкетна комисија за испитување евентуална одговорност бидејќи ќе влезам во историјата како прв поранешен функционер за кој што се покренува иницијатива за анкетна комисија. Ми беше многу драго ако овде ги прочитав имињата на иницијаторите бидејќи и тие внесуваат една нова содржина во македонското право, нешто што веројат но не е познато во Уставот, во позитивното законодавство. Таквата промоција веројатно ќе ги легитимираше како правници кои одат пред времето и, се разбира пред Уставот.

Секако дека е уставно право загарантирано 20 пратеници Собранието да формира анкетна комисија за испитување на евентуална одговорност на секој носител на јавна функција и се разбира после тоа да предложи евентуална одговорност на носителот на јавна функција. Значи Уставната дикција е, се работи за актуелни носители на функција затоа што промовирашето на еден ваков принцип да се оформува анкетна комисија за исптиување одговорност на поранешни нсоители на јавни функции морам да ви кажам дава за право во недоглед да се прошируваат можностите за испитување на евентуална одговорност за носители на многу функции. Мене ми дава за право отсега да размислувам во насока дека можеби и дури од осамостојувањето на Република Македонија на сите носители на јавни функции може да се побара одговорност, па дури и пред тоа. Јас ќе споменам само две илустрации.

Ми дава за право да барам од ова Собрание да покренеиницијатива да се формира анкетна комисија за испитување на одговорност на носител на јавна функција од Сојузната држава кој што 1989 година директно одлучуваше во укинувањето на приштинскиот универзитет и дисперзирањето на тој универзитет во Македонија, во Тетово. Значи една одлука која има многу сериозни импликации врз вкупните состојби политички и други во Република Македонија. Ми дава за право исто така да размислувам во насока и еден бивши министер за образование кој што директно учествуваше во донесувањбто на одлука за укинувањето на албанскиот јазик на Педагошката академија. Исто така поранешен министер во Владата на Република Македонија. И така во недоглед. Јас илустрирав само два примери. Со тоа сакам да ја докажам апсурдноста на инцијативата, на предлогот.

Затоа,и на некои новинари вчера кога ме прашаа што мислам за оваа иницијатива јас им реков едноставно навистина не разбирам дали се бара од мене одговор или се бара одговорност? Дали се бара можеби морално политичка одговорност па да се оди до таа мерка да се побара од мојата партија да ме исклучат од СДСМ или од Централнито одбор на СДСМ. Не разбирам кој можат да бидат правни компликации од евентуално наоѓање на оваа анкетна комисија, особено ако се знае дека се е јасно. Што има овде нејасно и што треба анкетната комисија да испитува. Сосема е јасно дека указот го потпишав. Сосема е јасно дека тој указ за прогласување на Законот за употребата на знамињата на националностите, како и некои други точки кои што беа на дневен ред на Собранието и други закони ги потпишав и како претседател на Собранието и како претседател на местото претседател на државата кој што беше отсутен од земјата. По инциијатива на неколку субјекти Уставниот суд одлучки кога се смета дека претседателот не е во состојба да ги врши своите функции односно кога е отсутен, го укина тој закон и сосема е јасно дека онаа празнина која што постои во Уставот од сега натаму е јасно како ќе се третира. Значи не се смета отсутен претседателот односно не се смета дека не е во состојба да ја оба-вува функцијата доколку е отсутен од земјата. И тоа е сосема јасно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

И тоа е сосема јасно. Според тоа, одлуките на Уставниот суд се задолжнителни за сите. Замислете кога врвен арбитар во сите односи во нашиот политички систем би било Собранието, или Владата, да не постои Уставниот суд, или замислете за правниот хаос во државата доколку се одговара за се што Уставниот суд ќе поништи, или укине. Каде би бил крајот? Според тоа, сакам да Ви речам дека навистина Уставот е многу прецизен, претпоставува формирање на Анкетна комисија за испитување на одговорноста доколку е злоупотребена функцијата и предвидува евентуална политичка одговорност. Претпсотавувам дека на сите ни е јасно ова доколку дошло до злоупотреба која имплицира кривична одговорнсот, ова Собрание за тоа не е надлежно. Морам да признаам дека навистина внесуваме некој нов институт во нашето право, но еве, градиме правна држава, имаме неколкугодишно искуство од функционирашето и на оваа држава и на правниот систем во Република Македонија, па можеби од тоа нешто и ќе испадне вредно.

Самиот предлог наводно од 20 неидентификувани пратеници сам по себе е несериозен. Доколку биле навистина сериозни, немало потреба да си ги кријат имињата, нека се напиашле напред по име и презиме дека така мислат и стојат, апсолутно тоа е нивно деловничко право. Значи така стои со правниот аспект по однос на првото обвинение. Патем чувствувам потреба бидејќи некои можеби и подзаборавиле, а мислам повеќе јавноста кои се причините поради кои се бара формирање на Анкетна комисија за утврдување на евентуална моја одговорност. Таа е содржана многу кратко. Јас ќе прочитам само два става. Вели:потпишувањето на Указот е направено иако не биле исполнети условите предвидени во Уставот на Република Македонија,кога функцијата претседател на Република може да ја врши претседателот на Собранието.

Второ, со овој акт г-динот Петковски ги прекршил уставните одредби бидејки го заменувал претседателот на Републиката кога тој бил на службен пат, што значи бил во функција на државата , односно не бил спречен да ја обавува функцијата.

Од ова произлегува дека во конкретниот случај претседателот на Собранието не бил овластен да го заменува. Со потпишувањето на Указот освен што се узурпирани овластувањата на шефот на државата. Морам да кажам дека ова навистина многу ме трогна, ме трогна Вашата грижа за шефот на државата, особено од оние претходни седници. И понатаму вели: овозможено е полицијата да изврши интервенција во Гостивар со што значително се нарушиле меѓунационалните односи во Република Македонија.

Прво, мислам дека тоа е ноторен факт како дојде до интервенција на полицијата во Гостивар во 1997 година. Ноторен факт значи за нас правниците факт кој што нетреба да се докажува, што е евидентен. Јас ќе се послужам само со извештајот на Анкетната комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенција на полицијата во Гостивар што Собранието ја формира во 1997 година, а која на 10 март 1998 година достави Извештај до Собраниеот,односно до изминатиот состав на Собранието. Меѓу другото тука е претседателот на оваа Анкетна комисија г-динот Биљали и дел од членовите кои исто така се присутни. Вели дека, Комисијата констатира дека акцијата на полицијата беше законска обврска за извршување на одлуката на Уставниот суд. Според тоа, во никој случај не се доведува овој Закон со интервенцијата на полицијата во Гостивар. Патем да Ве потсетам дека Собранието расправаше до доцна кога го донесе овој Закон, а вечерта интервенираше и полицијата во Гостивар, а утредента е потпишан указот.

Што значи тоа е вообичаена пракса. Го потпишав указот во моментот кога тоа ми го налага Уставот , што значи во рок од 7 дена од донесувањето на Законот указот ќе се потпише доколку сака да се потпише, или треба да се врати повторно. Исто онака како што го направи и на-шиот актуелен претседател со Законот за амнестија. Ние денес го донесовме законот за аменстија, утредента претседателот на Собранието го потпиша указот за спроведување на законот за амнестија. Според тоа, тука нема ништо надвор од овластувашата со Уставот, и нешто што не е споиво со правото. Тоа е вообичаена процедура. Меѓутоа, така стои со правниот аспект на проблемот. Очигледно дека има и еден друг аспект. Тоа е политичкиот аспект. Мене ми е јасно дека оваа власт особено со формирањето на Анкетна комисија за испитувањето на јавните набавки од осамостојувањето на РМ до денес има определени политички цели и тоа не се кријат. Тоа е,се чини да се доведе под сомнеж се што е направено во РМ од нејзиното осамостојување до денес. Пораката е политичка и многу јасна, да се делегитимира поранешната власт, да се криминизираат носителите на власта, носителите на јавни функции во изминатиот период. И пораката што ќе се соопшти до македонската јавност и пошироко е дека еве, од нас почнуваат вистинските процеси на македонската држава. Јас немам ништопротив и не би сакал никого навистина да амнестирам од одговорност кој што работел надвор од законот и позитивното законодавство.Меѓутоа, ако онака се поима правната држава како што досега тоа се практицира , мислам дека може да биде голем сон функционирањето на правната држава во Република Македонија. Ќе кажам само две, три илустрации . Излегува министер пред јавноста обвинува дека тие и тие бивши министри се криминалци и дека има елементи за нивно кривично гонење за да после тоа веднаш додаде дека треба да се формира меѓуресорска група која ќе ја утврди одговорноста на овие министри. Настапува во функција на обвинител, на судија и

уште малку егзекутор. Ако така се поима правната држава, а јас наведов само еден пример , има низа примери. И министерот за внатрешни работи и министерот за правда и министерот за сообраќај ако така навистина се поима правната држава во Република Македонија, јас мислам дека немате потреба да формирате Анкетна комисија, да го губиме времето, да правиме забава за народот. Ако имате одлука , а претпоставувам дека имате, да не губиме време, кажете ја денес, ќе изгласа ова Собрание и ќе се заврши работата. Кога се е јасно , нема што тука Анкетната комисија да утврдува дали е потпишан указот и какви импликации имал Закоот за употребата на знамињата, бидејки тоа е факт. Незнам што таа Комисија може да утврди надвор од она што овде е содржано? Искрено речено мислев дека со промовирањето на законите, изборниот пакет, со доенсувањето по една крајно демократска процедура, со изборите, демократски избори, фер, коректни какви што ги оценија и домашните и светските хроничари. Мирниот трансвер на власт значи едно наше цивилизирано лице пред светот, значи легитимација на цивилизиран народ, легитимација на демократско општество и веројатно цивилизираните луге одат чекор понатаму од она до кое ниво дошле со својот развој, во развојот на демократијата. Мислев дека така ќе продолжиме, РМ ќе продолжиме да ја надградуваме како демократска држава, а не се да се доведувано во прашања овие изминати 8 години, било во функционирањето на власта во РМ.Очекував навистина дека ќе создадеме понатаму цивилизациски услови за сите независно кој од каква политичка провиниенција со какво политичко убедување. На овој начин ставајки ги под сомнеж секој носител на јавна функција, промовирано еден страшен, лош преседан во Република Македонија, бидејќи веројатно ви е јасно, нема потреба, на сите ни е јасно власта навистина е менлива категорија. Власта се менува, доаѓаат едни и заминуваат. Значи ли тоа да промовираме исти односи на оние што после ќе дојдат на власт, дека ќе треба се да стават под сомнеж и преиспитување на носителите на функциите во изминатата власт. На тој начин почитувани пратеници, јас мислам дека го доведуваме во прашање и нашето лично достоинство како поединци, меѓутоа и колективно како Собрание, како пратеници во ова Собрание. Промовираме еден многу лош принцип да се суспендираат институциите на системот, а да се пресудува во името на државата, во името на правдата од поединци. Таква власт, мислам дека самата создава предуслови идните утре што ќе дојдат да се однесуваат исто така кон таа власт. Според тоа, продолжувањето со ваков стил на работа, не затоа што сум јас, јас ги наведов повеќе примерите на некои министри. Продолжувањето со таква пракса мислам дека во Македонија директно ќе имплицира не само реваншизам, туку нешто многу полошо. А следниот чекор доколку некој се дрзне па да не ги почитува предлозите на Владата во Република Македонија не може да биде освен дисциплинирање со сила а тоа се вика терор. Не дај боже, јас мислам дека ниту вие, ниту јас сакаме да живееме во таква држава. Според тоа, да бидеме коректни. Јас знам дека политичкиот момент налага да се фрла и чад пред очите на јавноста на граѓаните на Република Макеоднија кои што многу очекуваа од ветувањата, особено за првите 100 дена. И бидејќи не може да се понуди, мора да се понудат ефекти од тоа ветуваше, мора да се понудат жртви, мора да се понуди духовна храна на граѓаните: Еве, ние имаме многу важна работа ќе се бавиме со минатата власт, а за овие прашања нека причекаат. Меѓутоа, тоа нека се одложи месец, два, три, четири пет, година, две, три, сметките мора да ги полагаме сите пред оние што не избрале. Според тоа да не се залажуваме дека некој ќе биде поштеден во името на некоја врвна правда што ја практицира додека е тој на власт. По заминувањето на власта ќе дојдат некои можеби и полоши од актуелната власт, па тогаш историјата ќе добие сосема други процеси. Јас би сакал да разговараме како одговорни луѓе, како пратеници, со аргументи, да не оставаме простор за никакви шпекулации. Според тоа, ако ова Собрание бидејќи тоа е добро обмислена работа ако 20 пратеници потпишале, ценат дека тука има простор за одговорност, денес нека одлучи, нека ја изрече одлуката на Собранието, бидејќи навистина сум убеден нема ама баш никаков основ да се задржува да испитува и што ќе испитува за месец, два, или три. Бидејќи овее стои во одлуката дека Комисијата треба на Собранието да му предложи во член 4 до 31 март 1999 година предлог мерка. Можеби не е далеку, но ако веќе имаме сите аргументи подобро е тоа денес да го направиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би сакал да одговорам на ова. Почитувани пратеници, дами и господа јас бев спомнат во еден контекст дека и јас сум го потпишал Законот за амнетстија и дека нема никаква разлика меѓу потписот што јас го ставив и потписот кој што го стави г-динот Тито Петковски. И притоа г-динот Тито Петковски овде говори за суспензија на Уставот за непостоење на правна држава, за елиминирање на правната држава и се така една убава лекција која што искрено да ви кажам и јас би им ја прифатил, пред моите студенти не би ја одржал. Но, овде едно се заборава и мислам дека тоа е суштинското, а се е во интерес на правната држава и во интерес на почитување на Уставот, а не на суспензија на Уставот. Г-динот Тито Петковски неовластено го прекршил Уставот супституирајќи ги правата на шефот на државата. И јас можев законот за амнестија да го потпишам, бидејќи прво доаѓа кај мене указот и на местото каде што беше г-динот Киро Глигоров да го потпишам и да го пуштам. Во тој случај ќе бевме еднакви со одговорноста, или неодговорноста на г-динот Тито Петковски и немаше да има ни вето, не ќе можеше претседателот ниту да се произнесе, дури

отпосле ќе можеше да реагира, ако сакаше да реагира и т.н. Според тоа, овде не е прашање неговите права како претседател на Собрание, овде е во прашање злоупотребата на неговите права, мислам на правата на претседателот како шеф на држава. И мислам дека тука е моментот, бидејќи се отвори тоа прашање на минатата седница и тоа е клучниот проблем заради заштита на правната држава и за да не дојде некој понатаму да го суспендира Уставот, а да се повика на овој случај. Преседан е направен, тој постои. Можеби претседателот сакал да стави вето, немал право на вето, не го ставил ветото, законот стапил во сила. Според тоа тука постои одговорност, немојте да мислите дека сме невини овде. И токму околу тоа прашаше за да донесеме една политичка одлука, а да не ми се случи и мене да се повикувам на овој случај и да потпишувам затоа што јас ако го направев тоа, незнам како ќе излезев овде. Да не се случи тоа и понатаму мислам дека е суштината и смислата на утврдување и на заштита на уставните одредби. Уставните одредби се многу јасни, Уставниот суд многу јасно кажал дека во оваа ситуација претседателот додека бил во Шпанија на службена должност, тој фактички бил претседател што ги вршел функциите на шеф на држава и никој не смеел да се потпише на неговото место. Ако е тоа така, а така кажал Уставниот суд, во тој случај ние мораме да го констатираме овде и да кажеме, не сега да говориме за правна држава, за суспензија на Уставот итн. како да сме невини пред тоа. И да не ги мешаме работите со нешто што некој министер а Парламентот одлучил, не министерот. Овде имаме еден конкретен случај и конкретно треба да го разгледаме. Тоа е мислам смислата на зајакнувањ на концепцијата на правната држава и на јасно определување. Овде имаме почитувани пратеници и пратенички директно мешање на законодавната власт со извршната. Ова не е прашање случајно сум потпишал таму. Случајно сум потпишал, ама тоа предизвикува последици. Кои беа и какви беа, ги видовме, не беше пратена само полицијата итн.туку имавме и судења, имавме расправии, имавме и се друго што одеше од тоа. Но, да го оставиме тоа настрана. Ние мораме да го констатираме тој факт и да го осудиме тој факт, дека тој факт не смее понатаму да се случи, дека тој излегол од Уставот и дека на тој начин е прекршен Уставот. Тоа е правната држава. Ако мислиме дека сакаме да бидеме чесни и поштени до крај. И во тој контекст јас сакам да ги отфрлам делот од кажувањата на г-динот Тито Петковски дека еве и јас сум го потпишал Законот за амнестија. Јас потпишав и многу други укази, а има и некои други укази кои што сеуште се во сила, за ратификација на документи итн. кои што во ист момент биле потпишани на две места и тие се во сила, уште никој не ги отповикал. Кога ќе ги отповика, ќе видиме можеби какви последици ќе има. Но, тоа е веќе друго прашање. Јасно пишува овде во барањето на анкетна комисија да се утврдат тие факти да се констатира дека тоа не смее ни овој претседател на Собрание да го направи, за да не се повика на преседан. Еве,само толку сакав да кажам, затоа што сметам дека овде не е иста ситуацијата на потпишување на Указот од моја страна и потпишувањето на на две места во Указот. Јас чекав доволно време претседателот да си го искористи своето уставно право да постави вето, ниту тогаш, ниту после тоа не го потпишав, дури откако го изгласавме законот јас повторно не потпишав на две места, туку пак му го дадов на претседателот да го потпише законот. Тоа е она што, мислам дека постои суштинска разлика помеѓу тоа што јас потпишувам и тоа што се бара да се утврди од страна на анкетна комисија, ако можеме да се разбереме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, околу ова се разбира лапсус, не сме се разбрале околу потпишувањето на указот од страна на претседателот на Собранието. Моето укажување беше дека околу итноста дали сум морал утредента да го потпишам указот и го наведов аналогно примерот кога и овој постојниот закон за амнестија го потпиша актуелниот претседател на Собранието указот утредента, а не дека претседателот на Собранието се потпишал и на местото на претседателот на држава. Според тоа,не е исто. Јас таква аналогија не извлеков. Сакав да кажам имаше приговори зошто сум морал јас веднаш утредента да го потпишам указот. По однос на она дека Собранието ќе треба да осуди ваков чин, значи ли тоа дека промовираме потврдување на одлуките на Уставниот суд во Собранието, значи, ли тоа суспензија на Уставниот суд, значи ли тоа дека ќе треба натаму да се толкуваат и коментираат и објаснуваат одлуките на Уставниот суд? Тие се конечни, така пишува и во вашиот учебник г-дине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, точно е. Конечни и извршни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, зошто овде промовирате вие принцип дека доколку се направи така Уставниот суд е тој што ќе утврди дали нешто е во склад со Уставот и со Законот и неговите одлуки се конечни. Што има тука да се меша Собранието? А чинот дали е злоупотребена функцијата претседател, па да се потпише и место претседателот на државата. А ако имало штетни импликации во пракса, веројатно за штетните импликации некој треба да сноси одговорност. Прашувам кои се тие штетни импликации. Исто се согласувам со вас дека претседателот на државата имал право да интервенира доколку не се согласува, доколку и тој самиот сметал дека е грешка потпишувањето на Указот во негово име во моментот тој кога беше надвор од државата. Ако продолжиме вака ви гарантирам дека Собранието ќе го претвориме во судница а не во парламентарен законодавен дом. Според тоа, одлуките токму поради тоа во нашиот систем постои Уставниот суд да кажува

нешто што е во склад со Уставот, а што не е во склад со Уставот. И тие одлуки треба да ги почитува и ова Собрание, вклучително и претседателот на Собранието и во претходниот и во овој мандат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Тито Петковски

Господинот Мевљан Таири побара збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Како прво би Ве замолил Вас да не ни доставувате предлози од групи пратеници без нивни полни имшва, затоа што на овој начин може да се добие впечаток дека на две места можеби и јас сум се потпишал, а јас не стојам зад овој предлог.

Не стојам зад овој предлог од неколку причини.

Прво, јас најверојатно би потпишал еден ваков предлог, но во случај да се побара одговорност за сите кои учествувале во тоа што значи интервенција во Гостивар и гостиварските настани. И, јас да ве потсетам само дека на целата таа постапка преходеше и еден амандман што се изгласа законот да влезе со неговото донесување и на тој начин би требало да се вклучи и одговорноста на пратеникот Благоја Силјановски кој предложи таков амандман, па потоа и на Чокревски и на другите функционери кои учествуваа во интервенцијата во Гостивар. А, да не заборавиме и полицајците односно одговорноста на полицајците кои ги пречекориле своите овластувања.

Досега немаме добиено некои информации дека се постапува во насока на посочување на одговорноста на службениците кои ги пречекориле своите овластувања, затоа што јас, а во секој случај претпоставувам дека и граѓаните во Гостивар кои беа засегнати од интервенцијата нема да бидат задоволни доколку само господинот Петковски се посочи како одговорен, а се амнестираат Чокревски и многу други, вклучително и полицајците. Затоа што, на тој начин ќе значи дека одговорноста за постапките на полицајците при нивната интервенција ќе ја сноси само одговорното лице од министерството. Додека полицајците имаат слободни раце да прават се што сакаат и во случај на една интервенција. Затоа, доколку сакаме да бидеме доследни, би требало малку да се позанимаваме и со тоа што се случуваше долу.

И на крајот, да не заборавиме, дека доколку сакаме да бидеме доследни до крај, да не заборавиме дека Законот за употреба на знамиња е суспендиран и, се додека е ова вака, потенцијална опасност за повторување на гостиварските настани се уште постои.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мевљан Таири.

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, јас сум против предлогот за формирање на Анкетна комисија околу политичката одговорност на господин Тито Петковски. Меѓутоа, сега ќе го искористам своето право, поради протек на многу време, повеќе од 40 години бавејќи се со примена на правото и адвокатура да дадам совет на двајца, на, предлагачите и на господин Тито Петковски.

На предлагачите, пред Собранието да не бараат политичка одговорност во плурална положба. Тоа е основниот дел. Се однесува на предлагачите.

Вториот дел, кога реков, на господин Тито Петковски и да не заборави една работа:

Говорење пред новинари е една работа, а говорење пред Собрание и истакнување на некои одредби, дали ќе имаат тие политичка или кривично правна одговорност *ќе* го врзат понатаму за своето кажување.

Зошто е ова?

Господине Тито Петковски, во дневниот лист "Вечер" говореше дека тоа му го направиле, му го подметнале наводно службата. Проверка, новинарите ндка си чинат што било. Сега говори дека тоа го направил редовно, со значење, па има одговорност политичка. Не може да Се издвои една од друга одговорноста кога е во прашање личност. Личноста одговара за своите постапки, за разлика од колективната одговорност. Ако навистина стои потпишување на еден акт од една и друга страна, што има двојна функција, претседател на Собрание и претседател на држава тука не можеме ние да говориме дека сме погрешиле или не.

Го слушнав колегата Саво кога рече Дека во тој службен Весник по истиот указ за прогласување Се потпишани и указите за важење на два, односно за Неважењеили важење на два мдѓународни договори. Ако тргнеме по правото ддка тоа што го направил Уставниот суд, поради Некомпетентност на Некого, дали ќе примениме Дека и договорите, што имаат меѓународно значење, и тие се од шала потпишани? Или *ќе* имамемеѓудржавна одговорност?

Ова е прашање на директната одговорност. По однос на изнесеното становиште на господинот Тито П9тковски, јас го прифаќам да се остави, ако има ндшто кривично правна одговорност, на органите на прогонот. Денеска, ние измотивиравме една одлука да се покрене постапка против Републичкиот јавен обвинител. Ако Нешто стои, а господинот јавен обвинител бил и допуштил да не води постапка за лице кое лично злоупотребило, тогаш се поставува прашање кој од тие двајца и колку 9 одговор9н? Едниот или другиот? Едниот случајно, по погрешка потпишал Нешто, другиот намерно пропуштил да Нема индивидуална

одговорност. 0вие две одговорности ако може Некој да ги поистовети една со друга или да ги раздвои како посебни настани, Независни една од друга, тогаш се прашувам во што постои одговорност на човек.

Од становиштето на господата кои нудат анкетна комисија, политичка одговорност нема. За другата нека, како колега му советувам на господин Тито Петковски, нека биде скептик во изјавите околу одговорноста во кривично правна смисла.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Томе Стојановски.

Има збор госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Сакам да го искажам својот личен став во врска со воздржаноста за ставање на една ваква точка на дневен ред на денешнава седница, од следните причини:

Прво, што воспоставување на една институција, за мене, анкетна комисија во врска со јавните набавки, што Веќе ја направивме и анкетна комисија за аспитување на одговорноста на господинот Тито Петковски прави, според мене, еден неуспешен паралелизам и барање на невини политички жртви, односно воспоставување на една корелација на човек кој вршел политичка функција во еден одреден период и други луѓе кои, вршејќи политичка функција направиле, според кривичните пријави, криминални дејанија што Сега вое дна нормална судска процедура ќе треба да се оправдаат или како такви да испаднат. Според тоа, ставањето во ист кош, за нас, би било мошне лошо.

Од друга страна, самиот поим како одговорност би го прифатила да биде ставено како точка на дневен ред, доколку се работи во актуелен политички момент и за една актуелна политичка функција. Јас самата бев потписник на еден акт за барање на ваква одговорност во изминатиот период кога се бараше интерпелација на тогашниот претседател на Собранието кој исто така потпиша еден ваков акт кога претседателот на Републиката беше на службен пат што траеше многу подолго од предвиденото. Меѓутоа, веројатно доколку ваквата одговорност се барала од тогашната опозиција, кога господинот Тито Петковски ја вршеше оваа функција односно тогашната ЛДП, верувам дека таквата една интерпелација 6и добила позитивен исход, затоа што, претпоставувам, на сите нас овде ни е јасно дека постоела одговорност што треба политички да се казни во највисокиот законодавен дом, од проста причина што тој врши функција во Собранието на Република Македонија.

Правењето тоа сега не знам кого би му ползело освен на господинот Тито Петковски, како што реков, би испаднал една невина политичка жртва и би нанела поголема штета, доколку истиот случај веројатно позицијата тоа би го искористила, да направи поврзување и паралелизам со неговите политички сопартијци кои вршеле исто така политички функции во тој период и направиле криминални дејанија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата Ѓулистана Марковска.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуани колеги,Еве, дојде време еден пратеник на опозицијата да има во основа идентично мислење со двајца пратеници од позицијата, госпоѓата Ѓулистана Марковска и господинот Томислав Стојановски, не по однос на ова на господинот Андов, туку за основањето на Анкетната комисија.

Длабоко сум уверен дека она што го кажа господинот Тито Петковски, Собранието со оваа одлука практично влегува на една раскрсница во врска со процесите што, за жал ги започна коалицијата со доаѓањето на власт. Меѓутоа, мислам дека тука треба да се направи едно сериозно разграничување на оваа раскрсница и да не го продолжиме патот по погрешната страна.

На што сакам да укажам?

Се обвинува поранешниот претседател на Собранието за акт што е донесен по одлука на Уставниот суд, спротивно на Уставот. Ние не треба да го цениме актот какви дејствија предизвикува. Тој акт бил спротивен на Уставот и Уставниот суд го поништи или го укина, како е во Одлуката. Тој веќе не предизвикува правни дејства.

Би сакал да укажам на следново, прво, не е вршена злоупотреба на функција затоа што злоупотребата повлекува поинакви дејствија од донесување на одлуки. Претседателот на Собранието според Уставот, како било кој претседател по функција е овластен да донесува некакви одлуки, согласно со Уставот и другите закони, ако му одредуваат да може да донесе одлука. Претседателот на Собранието, донесувајќи одлука, донел одлука спротивна на законите и Уставот на Република Македонија, односно донел одлука за потпишување на Указ што е вон неговата надлежност.

Ако ние, врз основа на таквата Одлука на Уставниот суд почнеме да покренуваме постапка за покренување на одговорност, јас се плашам дека ние ќе влеземе во еден процес од кој нема враќање, од следниве причини: сите кои носат одлуки

и закони и уредби што се објавуваат во Службениот весник се подложни на преиспитување по поднесено барање, од Уставниот суд на Република Македонија. Тоа значи дека, вклучувајќи го и овој Парламент, секој кој донесува закон може да му се случи поради тоа што немал предвид некои други одредби од Уставот или законите, да донесе закон е спротивен на Уставот или на законите на Република Македонија. За тоа е тука Уставниот суд на Република Македонија.

Ако ние за тоа повикуваме на одговорност, дали за тоа можеме да изведеме една аналогија, доследна дека нормално е секој мандат од четири години кога се донесуваат стотици закони и во Владата неколку стотици одлуки и други уредби, се подложни на некои неусогласености со закони или со Уставот итн. Дали воведуваме пракса и ова Собрание, доколку донесе некој закон после месец, два или веќе донесен закон, што во Уставниот суд ќе се оспори или ќе се укине таа одредба од закон, зошто е спротивна на некој член од Уставот или од други закони, дали тоа значи дека ова Собрание после треба исто така да отвори формирање на Анкетна комисија за да ја испита одговорноста на оној кој го донел законот, оние кои всушност ја донеле одлуката што е спротивна на некој член на Уставот, а такви има многу? Имало многу во минатиот состав, ќе има сигурно и во идниот. Кој носи стотици закони ќе носи и погрешни, во некој дел спротивни на Уставот одредби.

Што значи, јас апсолутно не гледам можност за одлука што е спротивна на Уставот и ја укинал Уставниот суд да се бара одговорност. Особено ако носителот на таа функција веќе не е носител, во сегашно време, на таа функција.

Јас би направил една дистинкција меѓу интерпелација и анкетна комисија за утврдување на одговорноста. Разбирливо ми е да ме извини господинот Петковски ако погрешно се разбереме, провицирам некакви можни заплети, ако сеуште господинот Петковски е претседател на Собранието, а Уставниот суд ја укинал одредбата, Указот со кој потпишал, дека тоа е доволна причина Собранието да оцени дека заради тоа не може да ја врши понатаму функцијата претседател, на пример по пат на некаква интерпелација.

Меѓутоа, за донесување на одлука што е укината од Уставниот суд ќе направи сташен паралелизам, сите ние, а особено позицијата заради тоа што ќе биде повеќе во позиција да ги носи законите, при секој донесен закон и евентуално укинување на некоја одредба од страна на Уставниот суд, ќе се доведеме во позиција истите овие дваесет луѓе ќе мораат, од принципиелни причини сега, да утврдуваат одговорност на оние кои го донеле Законот со гласање, затоа што е малку спротивен на Уставот. Такви примери ќе има илјадници.

Мислам дека сме влезени, дури мислам и несакајќи во сверата на погрешно толкување на тоа што значи утврдување на одговорност на Анкетна комисија за вакви дејствија, носење на одлуки, закони, укази или било што, и заради тоа мислам дека би било најдобро за Парламентот, во име на предлагачите еден од предлагачите во нивно име да ја повлече Одлуката за формирање на Анкетна комисија. Тука се согласувам и со потпретседателот и со госпоѓата Марковска и дека тоа ќе биде најпродуктивно, дека нема да предизвикува бранувања по чиј оглед понатаму може било кои 20 пратеници за секоја укината одредба на некој закон да поднесува исто таква одлука за сите што гласале за законот, за претседателот на Собранието кој по службена должност треба да го потпише законот, и на крајот за Претседателот на државата кој треба да го потпише Указот. Тоа е еден круг од кој нема излез.

Мислам дека е сосема погрешно пристапено, несакајќи, кон оваа уставна институција основање анкетна комисија и сметам дека после последиците можат многу лесно да се отстранат со повлекување и никој тоа нема погрешно да го сфати. Било погрешно толкувано што значи испитување на одговорност со анкетна комисија. Очигледно од повеќе расправи на пратениците се укажува дека таа уставна институција не се применува за вакви случаи. Повлекувањето би претставувало една реална солуција што нема никого да стави во ситуација дека направил погрешен чекор.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Пратеникот Јонуз Абдулаху побара збор.

**ЈОНУЗ АБДУЛАХУ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на почетокот да Ви кажам дека јас сум еден од потписниците и со тоа без ваша забелешки дека потписот е важен и без тоа да има име и презиме, бидејќи ние со нашиот потпис тоа го докажуваме.

Друго, учествувајќи во оваа расправа по оваа точка од дневниот ред сакам да ви укажам дека досегашната политичка мисла ја градеше власта и политичките институции врз база на одговорноста на сите и на секого, вклучувајќи ги и носителите на највисоките државни функции.

Од тој аспект,што се однесува до политичката одговорност апсолутно не сум за тоа овој Парламент за тоа да расправа, бидејќи конструктивната опозиција политичката одговорност ја виде и ја зеде на парламентарните

избори. Но, сакам коментар врз основа на тоа што овде многу смело и без трунка срам се настапуваше од оваа говорница. Со прашања кои се штетните импликации од потпишувањето на указот за прогласуваше на Законот за употреба на знамињата на националностите. Дали воопшто има место за едно вакво прашање? Бидејќи последиците секо му му беа јасни, а поготово на гостиварци и на Гостивар. Сметам дека на гостиварски начин ова би му личело ем фајли ем топузлии. Згора на тоа овде да ни се држат лекции "о лепом понашању", сметам дека тоа е надминато време.

Втора работа, што се однесува до актуелниот момент да се бараше и да се покренуваше барање за одговорност кога дојде до потпи шувањето на указот за Законот за употреба на знамињата, Ве молам ние гс знаевме составот на Парламентот кој и како беше. Не смееше ни да се замисли, а камоли да се покрене нешто такво. Затоа од тој аспект на крајот јас би сакал да ве потсетам на една народна приказна, бидејќи овде често пати, за жал, и од оваа говорница доста народни приказни се кажуваат, па затоа сметам и јас ќе ја злоупотребам оваа говорница само да Ве потсетам на дел од таа народна приказна во која се зборува за спасителот и давеникот. Кога спасителот не размислувал за никакви награди и провизии што се и сега актуелни, доста се зборуваше за тоа, туку спасителот беше заинтересиран кој го турнал во морето не барајќи сметка и не барајќи човекот да биде награден, па затоа од овој аспект сметам дека овде можеме комотно да му помогнеме на нашиот колега во моментот господинот Тито Петковски и тој да види кој го турнал каде и како.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Јонуз Абдулаху. Има збор пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**(Деловнички)

Во име на Парламентарната група на ДПА барам 15 минути пауза.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали Парламентот се согласува со 15 минутна пауза? (Гласови на одобрување). Можат да го преиспитаат ставот, јас незнам како ќе биде незнам што е тоа, ќе видиме. Секоја парламентарна група има право да бара пауза.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот). (Седницата продолжи со работа во 15,40 часот.) Продолжуваме со расправата.

Збор побара еден од подносителите на предлогот на оваа одлука госпоѓата Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Колеги пратеници, врз основа на расправата која се водеше овде по оваа точка од дневниот ред по повод формирањето на Анкетна комисија за испитување на одговорноста на господинот Тито Петковски поднесувачите на Предлогот дојдоа до еден единствен став дека господинот Тито Петковски со самиот акт на потпишување на Указот за прогласување на Законот за знамињата во име на претседател на државата сноси одговорност, а за останатите видови на одговорност кои произлегуваат од овој чин нека одлучат надлежните институции.

Во тој контекст предлагачите оценуваат дека предметот на расправа за евентуално формираната анкетна комисија за испитување на одговорноста со оваа расправа е целосно исцрпена.

Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа предлог немаме и оваа точка е исцрпена.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Десеттата сед-ница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,45 часот).